# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 15-та седница на Националниот совет за евроинтеграции

одржана на 24.06.2013 година

Скопје, 24 јуни 2013 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Националниот совет за евроинтеграции,**

**одржана на 24 јуни 2013 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, во Сала на Уставна комисија.

Седницата започна во 14.12 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше госпоѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Радмила Шекеринска:**

Ја отворам Петнаесеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата се присутни доволен број на членови со право на одлучување и Советот може полноважно да одлучува.

Сакам да го поздравам присуството на претставници од Делегацијата на Европската унија во Република Македонија како и заменик претседателот на Владата задолжен за европски интеграции и претставници од Секретаријатот за европски прашања.

Би сакала во име на сите да честитам и на новите членови и заменици-членовите на Националниот совет кои што започнуваат со мандатот бидејќи имавме измена на одреден дел од членовите. Ако некој од претставниците со прашалници ги гледаа другите учесници тоа е причината заради одредени поместувања и во пратеничките групи имаме нови членови и заменици членови и да посакам на сите успешна работа.

Поканата и материјалите за денешниов дневен ред Ви беа доставени на електронска пошта.

За Петнаесеттата седница ви беше предложен дневен ред со повеќе точки и претходно неколку записници.

Дали има предлози за измена и дополнувања на дневниот ред. (Нема)

Ако нема дозволете ми да констатирам дека ќе работиме по предложениот дневен ред.

Пред да започнеме со дебатата по точките од дневниот ред предлагам да ги усвоиме записниците од 9,10,11,12,13 и 14 седница на Националниот совет кои Ви беа доставени и до сега немаше некои предлози за измени или дополнување.

Дали може да отворам дискусија?

Дали има некои други забелешки?

Ако нема дали може да констатирам за да не одиме поединечно гласање предлагам бидејќи немаше забелешки, сите заедно да гласаме.

Кој е за?

Дали има некој против?

Благодарам. Констатирам дека овие записници се усвоени.

Јас ќе го замолам ако не е проблем министерот уште за една мала измена за редоследот на точки на дневниот ред.

Предлагам заклучоците од јавните расправи-четири, кои што ги имавме во изминатиов период само да ги усвоиме пред да започнеме по точката број 1 заради тоа што беше испратена до членовите и замениците на Националниот совет и досега немаше никакви забелешки од предлог-заклучоците. Мислам дека е добро да ги поминеме сега кога не се мачиме со кворум за да после тоа не ни се случи некој проблем, дали има некои забелешки по предлог-заклучоците од јавната расправа по Законот за следење на комуникации и Законот за внатрешни работи, Законот за полиција и Законот за азил и привремена заштита. Ако нема тогаш предлагам сите да ги усвоиме заедно.

Кој е за?

Дали има некој против?

Воздржани?

Констатирам дека се донесени предлог-заклучоците иако ние до институциите доставивме некое резиме на расправата за да можат законите понатаму да се разгледуваат.

Тоа ми дава за право да ја отворам првата точка на дневниот ред - **Информација за реализација на активностите од Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2013 за периодот од првите три месеци од 2013 година.**

Ќе му дадам збор прво на заменик претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за европски прашања, повелете господин Бесими имате збор.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам.

Ви благодарам почитувана госпоѓа претседател и членови на Националниот совет за евроинтеграции и други присутни на оваа седница.

Дозволете ми најнапред да изразам задоволство во однос на напредокот на Република Македонија во однос на Националната програма, за првото тримесечје на 2013 година и исто така и за можноста да Ве известиме за другите активности, за активностите кои се реализирани до јуни. Сметам дека ќе биде добро бидејќи и во претходниот период најавивме при нашата последна средба за високите дијалози со комесарот Филе. Една од многуте важни теми беше транспарентноста и инклузијата во процесот на преговорите за пристапување кон Европската унија, а таму беше и можноста да се дискутира оваа тема во склоп на сите институции вклучувајќи го и Националниот совет. Како резултат на тие разговори односно како резултат од последната средба ние имавме присутни два претставника и им се заблагодарувам за нивното присуство и сметам дека од нашата денешна расправа ќе придобиеме во однос на процесот со цел во иднина да се фокусираме на темите кои што ќе помогнат за интеграција и напредок на нашата земја во однос на Европската унија. Јас поради времето и бидејќи сите вие го имате материјалот во пишана форма, во интерес на времето ќе направам едно кратко образложение и потоа ќе Ви најавам за другите активности кои што не се напишани во овој документ, но сметам дека се во контекст на интеграцијата на нашата земја во Европската унија и сметам дека тоа ќе биде еден пристап кој што ќе пробуди интерес и ќе има повратни дискусии кои што ќе помогнат за понатамошниот дел на процесот. Исто така важно е темата за интеграциите да продолжи да биде во фокусот на темите кои што се од интерес во сите институции вклучувајќи го и Собранието, а исто така тоа е една добра порака за посветеноста на Република Македонија за пристапување кон Европската унија за ние оваа недела да ја започнеме со овој совет со овие теми. Исто така оваа тема нема директна поврзаност со тоа што ќе се дискутира кон крајот на неделата, меѓутоа станува збор за истиот процес. Доколку ми дозволите во интерес на времето поаѓајќи од европското начело да се почитуваат различностите јас со задоволство во однос на употребата на службениот јазик и јазикот кои што го говорат 20% од другите граѓани, во интерес на времето мојот говор ќе го продолжам на македонски јазик така што може да ме сослушате на македонски јазик.

Во однос на процесот на интеграција за првото тримесечје јас ќе се обидам накратко да ги дадам аспектите што во овој досегашен период е постигнато. Тргнувајќи од аспект на политичките критериуми јас би сакал да го наведам тоа што во рамките на овој процес се и тоа што е дополнение на овој процес е пристапниот дијалог на високо ниво во делот на политичките критериуми, во делот на локалните избори. Веднаш по завршувањето на изборите на 15 април 2013 се состана Управувачкиот комитет на високо ниво со цел да се стават во функција да продолжат со работа работните групи во однос

на законодавството и изборниот список во однос на изборите како и натамошна имплементација на препораките што ќе произлезат од извештајот на ОБСЕ.

Понатаму по однос на прашањата што се однесуваат на исполнувањето на обврските во пристапот кон Европската унија ние редовно на седници на Влада информираме во однос на патоказот односно акцискиот план за исполнување на приоритетите дефинирани во пристапниот дијалог на високо ниво кој всушност се и приоритетите кои произлегуваат од содржината на Националната програма за пристап кон Европската унија.

Во делот на политичките критериуми, за децентрализацијата, донесена е од страна на Владата Програмата за рамномерен регионален развој за 2013 година која всушност е и обврска од Законот.

Во однос на реформата во јавната администрација се работи на подготовка на Закон за администрација кој се подготвува согласно и забелешките добиени од страна на Сигма со цел да се подобри квалитетот во јавната администрација како и да се изготви и Закон за општа управна постапка.

По однос на правосудството за подготовка на рамка за натамошен развој во правосудството 2014-2017 формирана е работна група од претставници на сите институции, како што во 2012 сакав да наведам дека заврши софтверската апликација за спроведување на методологија за судска статистика која би требало да се стави во функција со цел да се подобри статистиката, а согласно приоритетите што беа дефинирани во пристапниот дијалог на високо ниво според статистиките што се водат, евиденции, има подобрување во ефикасноста на донесувањето на судски одлуки во тој процес. Исто така во однос на реформите согласно Законот од 1 јануари 2013 година веќе се применува Законот за ангажирање на судии кои имаат завршено во Академијата за судии и јавни обвинители. Исто така има план за ангажирање на спроведување на повеќе апликации со цел да се зголеми бројот на тие што ќе се регистрираат во оваа установа.

Понатаму во однос на антикорупциската политика се продолжи со утврдување на предметите за судир на интереси каде што има изјави за судир на интереси од страна на Државната комисија за спречување на корупција со одредена динамика со план за проверка на овој механизам. Државниот завод за ревизија има превземено и предвидено повеќе мерки како политичките партии ги исполнуваат утврдените услови согласно Законот за финансирање на политичките партии.

По однос на човековите права и заштита на малцинствата, по однос на слободата на медиумите односно изразувањето во овој период продолжи пракса на континуирани обуки на примена на членот 10 од Европската конвенција за човекови права со цел овие

измени во однос на декриминализација на клеветата и навредата да има и ефикасна судска пракса.

Со цел на подобрување на правичната застапеност на помалите заедници имаше ангажиран и објавен конкурс во  јануари 2013 за 260 државни службеници според Програмата К-5 за помалите етнички заедници, а исто така тие што се помалку од 20%.

Исто така во однос на политичките критериуми се објави прегледот за имплементација на Охридскиот рамковен договор и веќе се во тек јавни дебати во однос на квалитативните идни политики во однос на имплементација на Охридскиот рамковен договор. Понатаму во однос на регионалните прашања и меѓународните обврски има неколку активности спроведени во однос на промовирање на добрите соседски односи и воспоставување на комуникација со цел овие критериуми да покажат одреден прогрес.

Во однос на економските критериуми се направија неколку измени како што се измените во Законот за банките, потоа одлуката за управување со кредитниот ризик, Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност и низа закони кои се однесуваат во областа на подобрување на конкуренцијата. Тоа што сакам да ставам акцент во однос на приоритетите кои произлегуваат од овој документ а се составен дел на пристапниот дијалог на високо ниво, остануваат предизвиците што ги имаме пред нас во однос на имплементација на политичкиот договор, меѓу партиски меморандум за европски интеграции. Исто така во однос на реформите во слободата на изразување, Законот за медиумите, дијалогот со медиумите и претставниците на новинарите, нивните асоцијации како и прашањата кои што произлегуваат од декемвриските заклучоци во однос на добрососедските односи и отвореното прашање во врска со името остануваат теми кои што во наредниот период ќе го задржат нашето внимание и главниот фокус. Тоа што е значајно би сакал да наведам дека ние остануваме цврсто определени во однос на имплементација на агендата за членство на Република Македонија во Европската унија. Јас исто така очекувам во оваа денешна дискусија дополнително да се фокусирам на одредени теми што ќе бидат Ваш интерес. Јас тука би завршил и би се фокусирал на темите кои што ќе бидат од поголем интерес на денешната дискусија.

**Радмила Шекеринска:**

Ви благодарам господин министер.

Кој бара збор за да планираме дебата?

Повелете господин Димовски.

**Илија Димовски:** Благодарам госпоѓа претседател.

Почитуван господин заменик претседател на Владата, еве јас да го скршам мразот,477 прешироката е темата за која што може денеска да се дебатира околу превземените активности од страна на Владата за исполнување на програмата. Јас би бил сосема краток за да оставам простор за повеќе пратеници.

Би сакал да поставам дополнително прашање во делот на подобрувањето на правичната застапеност на помалите заедници како што Вие сте нотирале особено кај Ромите и Турците со цел да ја продолжиме на некој начин дебатата која што во Собранието дел од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се обидуваат во последниот период да ја отворат, а во насока на почитување на Охридскиот рамковен договор и правичната застапеност на сите нивоа во Република Македонија. Би сакал да Ве информирам доколку досега ја немате информацијата дека од Годишниот извештај на Народниот правобранител Собранието на Република Македонија не доби информации за правичната застапеност на заедниците на локално ниво поодделно во секоја општина во Република Македонија. Ние добивме една кумулативна бројка која што не може да преставува репер со оглед на фактот дека локалната самоуправа во Република Македонија има суштинско значење за граѓаните на Република Македонија и со оглед на фактот дека со процесот на децентрализација на единиците на локална самоуправа им се отстапени огромен број на надлежности во смисла на култура, во мисла на образование, во смисла на граѓански форми на зачувување на нивниот идентитет, фолклор итн. Сметам како Собрание треба да поразговараме на оваа тема со Вас како потпретседател на Владата задолжен за евроинтеграции заради тоа што таа тема е секогаш еден од критериумите кои што Европската унија ги поставува пред нас. Нашите впечатоци се дека имаме еден за жал не паралелен процес на спроведување на Охридскиот рамковен договор во одреден број на општини во Република Македонија во два сегменти. Првиот сегмент е правичната застапеност на заедниците и затоа би Ве замолил и Вас доколку имате информација како Секретаријат, поставивме прашање и до заменик претседателот задолжен за спроведување на Охридскиот рамковен договор, но за жал се уште го немаме тој податок добиено. Исто така официјално побаравме и од Народниот правобранител да го добиеме тој податок, исто така се уште го немаме добиено податокот за правичната застапеност за секоја општина поодделно. Значи тоа е првиот сегмент кој што на некој начин претставува зона на интерес на нашата пратеничка група заради тоа што имавме неколку непопуларни моменти и настани во минатите неколку месеци како примерот во Кичево кога луѓе вработени во исто време, со иста намена, со исти формално правни договори на

четворица им се прекинува договорот, на еден не му се прекинува и тоа исклучиво според нашите впечатоци заради етничката припадност.

Исто така и случајот во Струга каде што практично сите раководители на сектори, сите раководители на јавни претпријатија во моментот се од Албанската заедница. Во Струга знаете дека најмалку 40% од населението е составено од Македонската зедница што предизвикува загриженост кај припадниците на Македонската зедница.

Втората линија по која што исто така имаме еден степен на интерес, а би сакале да ја отвориме како тема е почитувањето на Бадинтеровото мнозинство во единиците на локалната самоуправа и функционирањето на комисиите предвидени со Законот за локална самоуправа, во единиците на локална самоуправа каде што повеќе од 20% од населението се припадници на друга заедница од мнозинската во таа единица на локалната самоуправа. Затоа еве да не должам премногу, да не давам прешироко експлинација, би Ве замолил во оваа насока доколку имате дополнителни информации или превземени мерки, доколку не, би Ви бил благодарен и доколку го имате на знаење сето ова што го соопштив претходно. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Ако друг сака да говори. Да повелете. Господинот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Јас исто така ќе се обидам да бидам краток. Прво ќе ја искористам приликата да ги поздравам новите членови на Националниот совет за евроинтеграции и да им пожелам плодна и успешна работа.

Имаме обемен материјал. Имајќи го во предвид искуството од претходните извештаи, се стекнува впечаток дека е воспоставен еден систем на известување кој што се практикува до еден обемен материјал кој што почнува од политички, продолжува со економски и други критериуми и имам едно кратко, меѓутоа сублимирано излагање од потпретседателот на Владата задолжен за евроинтегративните процеси.

Јас би сакал да направам една паралела помеѓу она што ние го имаме овде како материјал за разгледување и впечатокот што се стекнува во европските институции. Дотолку повеќе што во својство на копретседавач на Мешовитиот парламентарен комитет заедно со членовите на делегацијата увидовме кои се клучните точки на кои што инсистираат европските институции. Тоа се токму оние прашања на кои што на крајот од

воведното излагање се изјасни потпретседателот на Владата. Значи, импементацијата на политичкиот договор од 01 март, формирањето на комисијата за разгледување на случувањата од 24 декември, меѓупартиски меморандум за евроинтрегративните процеси, слободата на медиумите и на изразувањето и добрососедските односи.

За волја на вистината се стекнува впечаток барем во работата на МПК, дека работите не се толку лоши или драматични како што се обидуваше овде да се прикажат. Во тој контекст и Извештајот на господинот Ричард Ховид и завршните препораки на Мешовитиот парламентарен комитет се реална рефлексија на она што се случувало во текот на минатата година во Република Македонија и кои се клучните приоритети за 2013 година. Сега не би сакал да го злоупотребам времето, меѓутоа би сакал да ви пренесам дека за прв пат во историјата на работата на МПК, завршните препораки беа едно гласно изгласани и без поднесување на ниту еден амандман. Уште повеќе во ситуација кога што делегацијата на Европската унија во 70% ја сочинуваа пратениците од Грчкиот и од Бугарскиот парламент. Значи Бугарските и Грчките европарламентарци се согласија завршните препораки да ги прифатат едногласно и ги повлекоа сите поднесени амандмани. Што сакам да кажам. Дека со добро менаџирање и со добра работа, со добри подготовки може да се издејствува еден документ кој што е многу битен во Евроинтегративните процеси на Република Македонија и од тука ние ја искористивме можноста да им се заблагодариме и на сите пратеници, независно дали беа од позиција или опозиција кои што во најдобро светло ја прикажаа Република Македонија надвор од државата и се стекна впечатокот дека Европскиот парламент има волја и желба да започнат што поскоро пристапните преговори на Република Македонија. Веќе веднаш после овие позитивни ветришта, еве се смогнаа сили да и во делот во кој што постојано ни го потенцираа како сериозен проблем, имплементација на договор од 01 март, меѓупартиски меморандум за евроинтеграции, слобода на медиуми и таму процесите веќе се напреднати и зрели за да дојдеме во ситуација да извлечеме најсоодветни решенија, независно кој од која позиција настапува, дали од позиција на позиција, или од позиција на опозиција. Ова го зборувам од аспект на тоа што премногу долго чекаме пред европските врати за да си дозволиме луксуз по некои прашања по кои што ние можеме да се договориме со европарламентарците, а да не можеме да се договориме сами меѓусебе. Да ја оставиме таа приказна настрана и да продолжиме на начин кој што доликува на парламентарци. Од тука се надевам дека најмалку по три пашања можеме во многу краток временски интервал да се усогласиме.

Прашањето околу името е толку сензибилно и толку осетливо и толку длабоко задира во идентитетот на Македонската нација, тука како веќе како ќе се одвиваат

работите во иднина не можам да предвидам. Меѓутоа она што ние можеме да го направиме во сферата на меморандум за продолжување, интензивно продолжување на евроинтегративните процеси за разрешување на случувањата од 24 декември и посебно за воспоставување на еден поширок степен на односи со соседите, ние веќе првите чекори ги направивме со соседна Република Бугарија. Мислам дека на тој план не треба многу дополнителна енергија да се усогласиме и да излеземе со заеднички став.

Прашањето околу името, поради својата сензитивност не сакам тука да го коментирам, тоа сепак ќе задржи еден интерес, тука треба да се постигне макисмален можен консензус, меѓутоа сите овие други прашања по мене, верувам дека не се од тој степен за да не можеме да се договориме. Имаше и објективни и субјективни причини зошто ние до сега тоа не го направивме. Во меѓувреме, нели во опозициониот блок настана смена на раководството итн. За жал сеуште некој така тивок бојкот на работата на Собранието постои, иако лично верувам дека тоа брзо ќе се премости и дефинитивно да продолжиме да соработуваме и на координативните состаноци и во Собранието на Република Македонија, за да ги исполниме овие неколку критериуми кои што би можеле по некоја основа да бидат повод или изговор да не добиеме датум за започнување на преговорите.

Сакаме на нашите колеги европарламентарци да им ги симнеме сите адути од раце. Она што е од субјективна причина, она што е наше, освен се разбира адутот околу прашањето со името кое што задира длабоко во националниот интерес и тука не можам во име на тој вид на државен интерес да дадам нешто попрецизно. Меѓутоа по овие три прашања од кои што и Европскиот парламент има побарување од нас, мислам дека тоа може во многу краток временски интервал да го надминеме за да можеме и дефинитивно да речеме дека завршните препораки кои што беа многу добри и извештајот на Ховит кој што беше добар, посебно во делот на барањето неодложно да започнат преговорите за полноправно членство во Европската унија, да докажеме дека се е во ред и дека тука нашиот придонес е огромен. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Хасипи.

Следен за збор е господинот Пешев.

**Антони Пешев:**

Јас би сакал да ги поздравам новите членови на Советот. Ретко говорам на овие состаноци, меѓутоа редно е да кажам што е генералната сугестија која доаѓа од

претставниците на економскиот живот во Македонија. Ми беше сугерирано дека премногу го употребувам реалниот сектор за економијата во Македонија, без разлика што извештајот е позитивен, генерално недостасуваат или сметаат две забелешки кои доаѓаат од реалниот живот.

Првенствено се работи не само за имплементацијата на препораките кои што доаѓаат од Брисел, туку нивното интегрирање во законите кои кај нас се спроведуваат дури и поригидно, отколку во некои земји на Европската унија, што кај нашите економски субјекти предизвикува додатни трошоци, проблеми во услови на отежната економска состојба во која се наоѓа Македонија. Да не говорам дека ако доследно ги следиме сите препораки од Брисел и ги вградиме во нашата законска регулатива и ги примениме веднаш, мислам дека ќе имаме сериозен импакт на економскиот развој на Македонија со оглед на тоа дека процесот за евроинтегрирање на Македонија ќе потрае, а ние не можеме да бидеме поголеми европејци од европејците, уништувајќи си ја сопствената економија со оглед на тоа дека економијата се наоѓа како основа за сето останато.

Имам серија на примери за кои и писмено често се огласуваме во медиумите, но би сакал да замолам, министерот е тука да во иднина при вградувањето на препораките од Европската комисија, не тие да се дерогираат или да се заобиколуваат со цел да се даде причина Македонија да се прогласи како неевропски расположена, туку имплементацијата и примената на некои одредби кои директно задираат во суштината на македонската економија бидат со датум на важење од денот кога реално ќе започат преговорите за влез во Унијата.

Не сакам да Ви кажам дека и во земјоделието имаме страшни проблеми со селектирањето на одредени сорти на производи кои нема да им биде дозволено, во делот на производството во кои делот од нашите компании се подготвени за Европа, меѓутоа имаме и компании кои не се подготвени.

Имајќи ги во предвид сите отежнати економски услови во кои работи македонската економија, министре, јас би Ве замолил да го пренесете ставот и загриженоста на Стопанската комора на Македонија во делот на употребата на препораките од Европската унија кои не нужно мораме да ги применуваме од денес. Особено ако немаме согледување дека почетокот на преговорите започнува многу брзо. Ни требаат година, две, три. додека оваа најлоша економска криза до сега, во современата европска историја ја пребродиме. Има наговестување дека 2015 година ќе има подобрување на економијата, меѓутоа би сакал да ви напоменам дека македонската економија е малечка и таа е многу осетлива и директната примена на некои дури и маргинални препораки од Европската унија може да значи затварање на мали бизниси, средни, фамилијарни бизниси,

намалување на бројот на вработените. Така да ова е како генерална препорака, затоа и не ја стави Владата, а би сакал да ја пренесам како загриженост со оглед на тоа дека имавме скоро такви примери за што ние се огласуваме и тековно и не е денеска форумот тој. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Пешев.

Дозволете ми да го кажам и моето мислење околу извештајот или информацијата за реализираните активности од првиот квартал.

Ќе почнам со последното, бидејќи често пати ја отвараме таа дилема. Колку брзо и колку квалитетно Македонија може да се прилагоди на европските стандарди е тема која треба секој ден да си ја поставуваме, особено кога ќе добиеме нов закон со европско знаме.

Апсолутно сметам дека често пати како и што и знамето се злоупотребува исто и аргументацијата се злоупотребува или од предлагачи, понекогаш и од пратеници, а најчесто и од луѓе кои што дискутираат во јавноста, како единствен аргумент во одбрана на членови од законот кои што не се популарни и мислам дека таа пракса ја доведовме до совршеноство и секој пат кога бизнисот коментира или кога коментираат граѓаните едноставното образложение на Владите, знаете како тоа е европска обврска. Токму дискутираме за национална програма за усвојување на правото на Европската унија која не ни е напишана од страна на бриселската администрација, туку која сами си ја пишуваме, сами си го дефинираме темпото и сами си ги декларираме обврските. Меѓутоа, многу често за тие обрврски знаеме да бидеме формални, да ги ставиме дел од регулативите во законот, а од утре да знеме дека делумно или воопшто нема да ги имплементираме, што отвара проблем за бизнисот, отвара проблем и за граѓаните, бидејќи имплементацијата е дискрециона. Кај некои бизнисмени или во некое претпријатие ќе се чукне или ќе се бара целосно почитување на тие наводно европски стандарди, а на друго место таа контрола нема да се направи. Малку како коментар дека тоа не се случува само во бизнис секторот ќе Ви го споменам примерот кој што имавме прилика да го видиме пред неколку недели, а тоа е како сите институции во оваа држава би требало да бидат исти, ама некои се помалку исти од останатите. Тоа е случајот на Управната постапка во Општината Центар. Во оваа држава имаме правила за колку време одредени институции треба да ви одговорат. Еве јас ќе ви кажам дека од десет институции од кои што сум побарала или пристап до информации, или одреден тип на административна правна реакција, ниту една не ми одговорила во рок. Тоа е пракса низ

која минуваат голем број на граѓани, па и бизнисот во Македонија. Само Општината Центар е таа која што требаше да плати, поточно нејзиниот градоначалник 15 000 евра заради доцнење од еден ден. Тоа не е европска обврска, тоа е македонско читање на европските стандарди и претставува пречка, затоа што тоа е типичен случај на дискриминација која не само што го руши Уставниот принцип во државата, туку  и директно ја поткопува децентрализацијата и се надевам дека и министерот задолжен за европски прашања истото ќе го земе во предвид.

Ова беше повеќе не реплика, меѓутоа коментар на истата тема. Би сакала да се осврнам на пет точки од информацијата и во некои делови да побарам повеќе информации, бидејќи факт е дека материјалот е обемен. Јас мислам дека не ни требаат волку обемени материјали, бидејќи еден дел од материјалот се однесува и на периодот пред декември. Мислам дека малку треба и можеме да бидеме постегнати со информациите, бидејќи иако материјалот е обемен, многу информации ги нема. Јас би сакала да почнам со нив.

Прво, кога ги третираме прашањата на избори кои се многу важни, важни беа и во извештајот, важни ќе бидат и сите наредни извештаи за Македонија. Би сакала во иднина и од Вас господине заменик претседател да добијам информација кога министерството и дали Министерството за внатрешни работи некогаш ќе и одговори на Државната изборна комисија околу прашањето на додадените гласачи на Избирачкиот список. Ако се во право до сега имаа време да напишат одговор со кој ќе истапеа со аргументи дека се во право и дека јавноста само непотребно ги критикува. Мислам дека таа тема, темата на исправноста на Избирачкиот список  е многу важна тема и не случајно и во оваа информација стојат таквите квалификации, дека работна група го расчистувала избирачкиот список се до 30.11.2012 година, меѓутоа понатаму, практично не знаеме што точно се случувало со Избирачкиот список.

Кога сум веќе кај темата избори, сакам да отворам уште поголема тема или дел од прашањето на изборите, а тоа е медиумската слобода во Македонија. Бидејќи се согласувам со она што го кажа господинот Хасипи кои се клучните теми кои што се отвараат, било да се во Брисел или да сме во земји членки на Европската унија, ама една мислам дека ја пропушти, а тоа е слободата за изразување и состојбите во македонските медиуми. Тоа се повеќе и повеќе станува тема и не е тема кој ја диктира некој од надвор, туку тема која што овде ја чувствуваме како голем проблем. Ми пречи и сакам господине министер да побарам во иднина такви да не бидат информациите, кога во информацијата на Владата се пишуваат половина од речениците на ОБСЕ ОДХР извештајот. За да не биде дека измислувам, еве ќе Ви кажам на страница 5 од Информацијата на Владата вели

вака: „Медиумите следени од стрна на ОБСЕ ОДХР обезбедија опширно покривање на кампањата во вестите." Тука ставате точка. Во извештајот навистина стои таа реченица, ама не стои сама, туку продолжува со запирка и вели вака: „за жал обезбедија голема предност или ги фаворизираа владеачките партии и во поглед на квантитет и во поглед на квалитет и содржина на вестите.

Мислам дека е некоректно сами себе да се лажеме, извештаите од ОБСЕ ОДХР да ги читаме до половина реченица, затоа што во целите неколку параграфи кои што се посветени на изборите и на медиумите нема ниту половина реченица дека имаме сериозен проблем. Ако го погледнете извештајот на ОБСЕ ќе видите дека катастрофални се показателите. На пример катастрофален е за секој показател дека државната, значи националниот радиодифузен сектор кој е платен од секој граѓанин на оваа држава преку радиодифузна такса, 29% од времето го посветил на Владата, 27% на ВМРО ДПМНЕ, главно во позитивен или неутрален тон, а на СДСМ како главна опозиција и се доделени 24% воглавно негативно.

Е тоа е мислам сериозен проблем што мора да се соочиме и кој треба да го разгледуваме. Кога сме веќе тука, би сакала да кажам дека последните извештаи кои што се дадени преку Државниот завод за ревизија покажуваат колку со техничките измени на законите не ги решаваме суштинските проблеми и овде ги дискутиравме изминатите промени на изборниот закон и се сеќавам на дебатата која што се отвори по прашањето дали медиумите може да финансираат политички партии или не. На една страна беше барањето и од страна на меѓународните организации и од страна на Здружението на новинари на Македонија дека медиумите не би смеело да финансираат политички партии, а од друга страна беше одговорот на власта дека тоа е прашање кое технички ќе го решите. Еве го Извештајот објавен од Државниот завод за ревизија во кој се гледа дека 45 милиони денари од медиумските куќи од Македонија донирале пари на една политичка партија или на една коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ. И само на неа. И тоа прашање кое што го стави власта под тепих пред изборите сега ни излегува и повторно ние треба да го решаваме. Ако сме веќе таму, ќе споменам дека и во Извештајот на Ховит и во Извештајот на Венецијанската комисија оваа тема се отвора како сериозен проблем. И ние на таа тема според информацијата не сакаме ни да дискутираме. Бидејќи ја споменав МРТВ сметам дека едно прашање заслужува одговор и денеска од претставникот на Владата или од заменик премиерот, а тоа е зошто МРТВ се уште е единствениот радиодифузен актер кој што не го почитува законот и не е целосно префрлена на дигиталната мрежа, туку и понатаму аналогно зрачи и дали тој тип на дискриминација кон останатите е со политичка позадина. Затоа што за сите претпријатија,

за сите трговски друштва кои што работат во медиумскиот сектор нема исклучок, од 1 јуни мора да се спроведува законот. Ние таков закон донесовме. Единствениот актер за кој тоа правило не важи е МРТВ која гледавме како известувала за време на избори, за жал тоа продолжува да го прави и сега вон од избори. Значи ја гледате спрегата околу парите, политиката и медиумите и мислам дека ако оваа спрега не се прекрши, не се скрши ние само ќе се вртиме во круг и за ова би сакала да добијам конкретен одговор.

Второто прашање кое сакам да го поставам се однесува на состојбите во судството. Мислам дека има една информација која што не е ставена во материјалот од Владата, а тоа е прашањето што се случи во Управниот суд и зошто претседателот на Управниот суд даде оставка. Непосредно по серијата на преседани правни и одлуки на Управниот суд. Не сакам да навлегувам, меѓутоа сметам дека ова прашање не можеме да го одмолчиме.

Има уште многу теми, јас на три теми би сакала да побарам информации во некој нареден извештај или сега ако заменик премиерот сака тоа да го сподели со нас. Прво неколкумина го покренаа прашањето на правична застапеност во Република Македонија визави спроведувањето на Рамковниот договор, го читам извештајот на Европскиот парламент, резолуцијата на Европскиот парламент, се сеќавам на коментарите дадени од комесарот, сакам едноставно прашање да поставам, кога Извештајот за спроведување на Охридскиот рамковен договор кој го споменува Владата во овој текст ќе биде достапен до јавноста. Тоа го бараше Ховит и целиот европски парламент, тоа го побара комесарот Филе, тоа го очекува јавноста и само така ќе имаме вистинска дискусија, па и на темата правична застапеност, затоа што според информациите во овој Извештај практично се достапни податоците за тоа како се одвива правичната застапеност, во кои институции, по која динамика и со какви планови во иднина. Веќе станува скандалозно колку долго овој извештај се крие од очите на јавноста.

И споменав уште две прашања, би сакала тие да ги видам во следната информација. Овој материјал вели дека за регионален развој Владата наменила 51 милион денари. Согласно Законот за регионален развој кој го усвои овој Парламент, Македонија треба секоја година да одвојува 1% од БДП за рамномерен регионален развој односно за развој на најнеразвиените општини и региони, бидејќи разликата помеѓу 70 милиони евра, од прилика, и 50 милиони денари е огромна. Мислам дека Владата должи одговор, прво зошто законот не се почитува, или ако веќе прави проценка дека веќе не може да го почитува законот по која динамика ќе се доближиме до оваа цел поставена со законите. Информациите кои што недостигаат секој пат во материјалите се како Владата се бори за подобрување на условите за заштита при работа. Овде еден дел е посветен на

таа тема, кажано е колку инспекции  имаме по година и мислам дека е тоа добро, меѓутоа неколку пати по ред инсистирам да добиеме список на пресуди и список на одлуки на надлежните инспекции за луѓе кои што се одговорни заради тоа што бројот на несреќи при работа расте. Само во изминативе месец дена имавме два случаи, едниот трагично заврши и дури и кога дискутираме во Комисијата за труд и социјална политика па и овде, упорно не добиваме одговор што се случува од тој момент натака, дали е некој е одговорен, дали некој превзел одговорност или сметаме дека биле само несреќни случаи, ова само како последен коментар.

И на крај, фактот дека денеска ниту еден од пратениците и учесниците во дебатата до сега не со спомена Европскиот совет оваа недела веќе доволно говори. Тоа покажува дека малкумина во Македонија имаат очекувања дека Македонија ќе ги почне преговорите и тоа никого не го радува. Она што мислам дека следи во Македонскиот парламент е или да не дискутираме на оваа тема, ако веќе немаме шанса да се надеваме на нешто подобро, или да дискутираме на многу сериозен и поодговорен начин. Јас не сакам да лицитираме со големите проблеми бидејќи во ваква дискусија тие нема да се решаваат. Меѓутоа кога ќе го слушнам премиерот на оваа држава дека вели дека мора да размислуваме и за поинакви стратегии, си го поставувам прашањето, зошто ниту еднаш оваа крупна тема не ја отворивме овде во Македонското собрание, а неколкупати барем имаше иницијативи. Факт е дека зад нас е период кој што не беше најдобар за Република Македонија на страна од проблемот со името, зборувам за внатрешни проблеми и факт е дека добро е ако ништо друго ја формиравме Анкетната комисија. И можеме да кажеме дека барем еден чекор сме направиле. Меѓутоа факт е дека дури ни оваа Анкетна комисија нема да може да ја избрише црната дамка која што падна врз Република Македонија на 24 декември, тоа ќе биде рак рана долго време и на овој можеби и на други парламентарни состави, меѓутоа имаме можеби шанса да не дозволиме ракот да метастазира во сите области на нашето живеење. И затоа е огромна одговорноста и на Собранието, огромна е одговорноста и на оваа Комисија да не соочи со нашите слабости. Ако за тоа нема политичка волја, тогаш извештаите кои што ќе се предлагаат за Македонија ќе бидат од година во година се полоши. Благодарам.

Следниот за збор е господинот Живко Митревски, повелете.

**Живко Митревски:**

Благодарам претседателке.

Од името на синдикатите и јас исто така би сакал да им честитам на новите членови на Националниот совет за евроинтеграции на вршењето на своите активности, се

надевам за дополнителна соработка исто така и со новите членови. Со оглед на обемноста на материјалот не би зборувал по повеќе поглавја, би се задржал само на делот кој го тангираат претежно социјалните партнери, особено синдикатите. Мислам дека станува збор евидентно дека три години наназад добиваме позитивни извештаи во делот на имплементирање на социјалниот дијалог во Република Македонија, сведоци сме на тоа што и во услови на сериозна и сложена економска, финансиска и должничка криза успеавме како резултат на тој скриен социјален дијалог и со Владата и со новопредавачите, да донесеме неколку клучни, јас би рекол историски закони од типот на Законот за минимална плата, од типот на Законот за европски работнички совети, најновиот Закон за забрана на психичко вознемирување, така да мислам дека таа идеја треба да ја спроведуваме и во контекст на материјалот кој го добивме особено во делот на матрицата поврзана со усогласување на законите кои ќе ги носиме во иднина, слично како и Стопанската комора јас би апелирал посебно на внимателност при донесувањето на одделни закони од типот на оние што е еден од најважните кои моментално ни престојат, тоа е Законот за државна администрација, а во тој контекст секако и донесувањето на Законот за платите во државната и јавната администрација. Мислам дека многу сериозно и многу студиозно треба да се пристапи при донесувањето на овој закон како и кон претходниот со оглед на импликациите што би се случиле на сите оние кои работат во државната и  јавната администрација и апелирам во старт превентивно уште на почеток да бидеме активно партиципиенти како што беше тоа впрочем тоа и случај, може и уште малку и со поголема внимателност, се со цел во рамките на тој платен систем да не предизвикаме дополнителни турбуленции особено во контекст и во делот на она што го бележиме како автономија на колективното преговарање и договарање и оставање многу, многу поголем простор во рамките на тоа колективно преговарање и договарање помеѓу социјалните партнери наспроти одредено заокружување на оваа материја со донесување на закони. Значи во овој дух истата препорака е да бидеме доста внимателни при имплементирањето на таквите препораки со оглед на тоа што драстична е различна и атмосферата и социјалниот амбиент и економската состојба и социјалната состојба на граѓаните во Европската унија и граѓаните во Република Македонија. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Повелете госпоѓата Сузана Салиу.

**Сузана Салиу:**

Ви благодарам госпоѓо претседател на Националниот совет, Ви благодарам за сите честитки како нови членови на овој Совет. Ова е моето прво пријавување и сметам дека ќе дадам скромен придонес за забрзување на процесот на евроинтеграции.

Ќе говорам за една многу важна димензија, односно во однос на транспарентноста и потпретседателот на Владата го започна својот говор во однос на тоа дека ние како општество ќе бидеме потранспарентни во процесот на евроинтеграции, меѓутоа проблемот со транспарентноста се истакна и од почитуваната госпоѓа претседател на Комисијата. Се зачудувам како општество зошто сме толку затворени. Република Македонија има Закон за слободен пристап на информации уште од 2006 година. Законот е во однос на тоа да имаме отворено општество и отворена администрација. Чудно е тоа што ние како пратеници не можеме да имаме пристап до некои информации од јавен карактер. Кога се донесе законот во 2006 година Република Македонија беше лидер во регионот. Никој немаше еден таков закон во регионот и никој немаше Комисија во однос на заштитата на слободниот пристап на информациите. Доколку тој закон не се почитува, тогаш ние имаме едно затворено општество. Исто така овој закон се однесува на работата на јавната и државната администрација бидејќи тој закон над се се однесува на давањето на информациите од јавен карактер кои што се на располагање кај сите институции и сите три власти. Ние не сме свесни колку е добара Законот за слободен пристап на информации или познат како закон за транспарентност бидејќи ние пред два месеци го имавме извештајот и ние како пратеници го разгледавме извештајот на Комисијата за заштита на информациите од јавен карактер и треба да бидеме самокритични, бидејќи никој како нас како пратеници не земал збор во однос на набљудување на работата на таа Комисија. Колку е транспарентна таа Комисија во однос на граѓаните и сите тие што бараат информација од таа Комисија. И произлезе дека сите тие кои што бараат информации во Република Македонија се или друштва или новинари или пак различни организации, а многу малку информации бараат самите граѓани. Тој закон донесен во 2006 година имаше за цел да го информира граѓанинот. Немаше за цел новинарот да поседува такви информации или пак пратеникот, бидејќи тие самите имаат свои извори за информирање. Доколку еден функционер, еден новинар не може да има пристап до една информација од јавен карактер, тогаш како може еден обичен граѓанин да има пристап до такви информации. Моето прашање е во иднината да имаме извештај како во Република Македонија се спроведува Законот за транспарентност бидејќи сметам дека сме многу затворени и понатаму негуваме една бирократска администрација. Ви благодарам во однос на секоја информација ги отстранува сите сомненија во однос на

работата на сите институции, во работата на администрацијата, судството и законодавниот орган. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Дали уште некој бара збор?

Повелете господине Бишевац.

**Сафет Бишевац:**

Госпоѓо претседател,

Јас навистина имам дилема слушајќи дел од колегите кои зборуваат за овој извештај и за вкупната состојба во Република Македонија на патот кон Европската унија и НАТО се доведов или јас не ги гледам работите на вистински начин или што е многу поверојатно оние на кои тоа им одговара работите ги претставуваат во многу порозово светло отколку што навистина се.

Примерот со користењето на половина реченица од извештајот на ОБСЕ е најдобриот пример како функционира власта во Република Македонија. Да, до онде каде што им одговара, но лагата почнува од таму од каде што се молчи. А оваа власт молчи и тоа дебело. По сите прашања по кои не сака, не да се види напредокот на оваа држава, туку да се види огромното назадување на Република Македонија во исполнување на основните, базичните политички критериуми за членство во Европската унија. За какво исполнување на критериуми кога веќе и на врапчињата им е јасно дека во оваа држава слобода на медиуми е мисловна именка. Ќе зборуваме за напредок во остварувањето на правата на медиумите кога се затвораат новинари за текст објавен пред пет години. Ќе зборувате за правата на новинарите, јавноста, медиумите, во ситуација кога на претставник на ОН не им се дозволува да го посетат затворениот новинар. Поголем доказ за мракот во кој живееме само на овој сегмент не ви е потребен. И сега дилемата која сега ние овде вештачки практично ја отвораме, тоа колегата Хасипи тоа умешно го изведе е дека, за името не би требало да разговараме, тоа е виш државен интерес, да тоа е највисок државен интерес и да мораме да разговараме за тоа, затоа што само преку дијалог можеме да дојдеме до решение. Дијалог меѓу нас, јас апсолутно го прифаќам правото на секој во оваа држава да каже јас името не сакам да го менувам и точка. Ама не прифаќам некој 10 или 15 години да не вози, ќе прифаќаме со ова, со задршка, да видиме, да се сочува идентитетот, а во суштина да не помислува да разговара. И затоа деновиве имате се отворено на јавна сцена нудење на идеи кои се сосема спротивни од заложбите

за кои Хасипи инсистира. Да ги направиме и докажеме со уште еден меѓупартиски меморандум за евроатланските интеграции. Имаме безброј декларации на овој Парламент во кои ја искажуваме подготвеноста кон тоа. Но да видиме што навистина точно во овој момент се случува затоа што е факт дека најголем дел на овдешната јавност, всушност не знае до каде се работите во тој процес.

Барем совршено затворен систем кој власта го користи како алиби. И затоа ќе ви се случи пред речиси еден месец колегата Милошоски на твитер објави дека ништо од датумот за преговори, пак ќе доживееме вето од страна на Грција итн. тоа не беше ништо друго туку подготовка за признанието дека оваа Влада всушност не направила ниту еден сериозен исчекор. Туку дека напротив на многу полиња се уназадоа. Несвесно тоа го покажа и колегата Димовски, покажувајќи со пример дека законите во оваа држава не функционираат под еднакво за сите. Еве да речеме ги спомна Струга и Кичево, со право. Ако состојбите се такви какви што Димовски ги претставува, тоа е лош знак за оваа држава. Меѓутоа очигледно дека Димовски, реагира кога тоа нему му одговара, кога другите бараат да се почитуваат истите тие закони, тоа не е баш толу ургентно и има време, ќе дојде на ред. Да се вратиме на медиумите. Само навистина оние кои не сакаат да видат, а тоа значи таквите луѓе се по слепи и од оние кои не гледаат и физички, не можат да го видат ужасниот пад кој веќе е регистриран во сите релевантни меѓународни извештаи, не само на новинарските асоцијации и здруженија. Тоа константно го наведуваат, драстично, се наведува и во извештаите на Европската комисија, а неодамна во последниот извештај на америкаскиот стејт департмен со невообичаена, навистина невообичаена дипломатска жестина, се посочени големите аномалии на серија полиња, од правосудството, корупцијата, не знам што друго па се до владеењето на правото и слободата на медиумите. Меѓутоа, ако сакаме да бидеме чесни пред себе и пред граѓаните на оваа држава, проблемот нема да го решаваме така што сите тие работи ќе ги бутаме под тепих и ќе ги оставаме за некои други времиња. Тие проблеми да ги решава некоја евентуална друга власт затоа што оваа апсолутно сум сигурен дека не е подготвена на тој начин да го подготвува проблемот. Она што се случува во Македонската радио телевизија е срам за секоја нормална држава, не велам европска, за секоја нормална држава, ако е разликата на пример, ако со ваквиот начин на известување на МРТВ или на дел од да речеме турските медиуми кои три дена не известуваат за настаните во Таксим. Од овде сме подготвени да ја критикуваме Турција за таквиот однос, меѓутоа кога станува збор за нашите медиуми, во нашата дражва, молчиме. Е тоа се двојни аршини и работи кои не ни нудат иднина. Оние кои се повикуваат на принципи на закони, на стандарди, мораат и бараат тие да бидат почитувани. Мораат првин сами да

покажат, дека ги почитуваат. Не смее Владата да дозволи да го крши Законот за еднаков регионален раст. Односно Парламентот не смее да и дозволи на Владата да го крши тој закон. И затоа да се молчи. Туку затоа треба да разговараме. Ние сме сите свесни за тежината на економската и финансиската криза која го тресе светот. Тоа не е спорно. Отворен дијалог на таа тема, конкретен би значел дека Владата ќе каже дека во овој момент не сме во можност тоа да го правиме. Меѓутоа, дека тоа сето ќе го направиме во одреден период за кој заеднички ќе се договориме како Парламент и пратеници и како опозиција и како власт. Не е убаво опозицијата да критикува се живо и диво што се вика. Не. Таа треба да помага. Меѓутоа власта треба да биде подготвена за таа помош. А оваа власт не е подготвена за таква помош, нејзе не и треба со оглед на тоа дека апсолутно воспостави режим кој ги стави под контрола сите институции во оваа држава која формално правно се независни. Од  агенциите за телекомуникации до Народниот правобранител еве ќе го спомнеме. Апсолутно се е под контрола. Тоа се работи за кои мораме отворено да поразговараме без оглед што тоа ќе значи намалување малку на популистичкиот режим на Груевски кој не доведе во ситуација на пример за 1600 работни места за  ранливи категории, во оваа држава да се пријават 20 и кусур илјади луѓе. А самиот број на кандидати зборува во каква држава и во какво време живееме. Има ли поголем доказ за несупехот на оваа држава, не само во последниот ред, да речеме во овие 21 година, ама за тоа особено во последен период, затоа што очекувањата на граѓаните на Република Македонија, кога оваа власт пред 7 години доаѓаше, беа, сосема поинакви. Тие веруваа во економската преродба на оваа држава. Тоа што го добија, го заслужија. Јас тоа ќе го признаам и ќе го признаам правото на секој од нас и на секој од вас да си гласа за својата политичка опција. Проблемот е, тука доаѓа европското што мораме да бидеме подготвени. Да слушнеме и поинакво мислење од нашето. Без да користиме полиција и да ги избркаме оние кои поинаку мислат за буџетот, по сопствено наоѓање на премиерот или претседателот на Собранието се едно, не е веќе ни важно. Не е важно ни какви ќе бидат тие заклучоци на таа комисија. Суштината е дека оваа власт предводена од ВМРО ДПМНЕ тоа го направи. А целта мора да биде дека ниту една власт, никогаш повеќе во оваа држава не смее да се дрзне да помисли, не да го спроведе истото тоа. Е за таа битка, треба да сме заедно. Таа битка мораме заедно да ја водиме и ние и Синдикатите. Синдикатите да со својата улога која во овој момент, без оглед на тоа што господинот Митревски го кажа покрај добрите примери, навистина за тоа и постојат, ќе мора да признае дека не се баш толку розови работите, околу работничките права. Не да не се розови, нешто не видов дека синдикатите ги поддржаа колегите од ОХИС кои 20 месеци не примиле плата. Каде се тие синдикати. Чии права бранат. Свои лични или

треба да ги бранат правата на работниците во ОХИС, 20 месеци се без плата во компанија која мислам дека има сеуште доминантен државен капитал. И тоа не е проблем за синдикатот, да испреговара, да се закани со генерален штрајк во оваа држава. Затоа што таму се очито 70 луѓе, кои 20 месеци не примиле плата или тие треба ако преживеат ако не преживеат добро е ќе остане земјиштето на ОХИС и ќе видиме што ќе направиме со тоа. Не велам дека се е црно, да се разбереме. Има работи кои се направени и кои со право се регистрирани во овој извештај, ама тоа е работа на оваа власт, на секоја власт да прави работи кои државата ќе ја водат напред. Ние треба да разговараме зошто некои работи не се направени доволно добро.Тоа е суштината. Да завршам пак со медиумите.

Во земја каде што новинар лежи за текст објавен пред 5 години, во кој наводно се појавува име на заштитен сведок, кој јавно признава дека лажел и дека бил присилен од службеници на државна безбедност, дека очекувал дека ќе му бидат платени пари, заштитен сведок кој е злоупотребен во спрега меѓу полицијата и судството, вие да држите новинар во затвор. Нема демократија. Нема слобода на медиуми. Затоа што оние кои сега работат во новинарството, добиваат многу жестока порака, се можеме да ти направиме, не е важно дали си во право или не си, во право е волјата на оној што има инструменти и моќ, да ти го направи тоа со што ќе се заканува. А имате многу примери. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Двајца се пријавени за реплика, прв Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам госпоѓо претседател.

Јас се сеќавам кога за прв пат го формиравме Националниот совет за евроинтеграции, се договаравме за начинот на кој ќе работи ова тело. И ако не се лажам, сите скоро бевме едногласни, одлуките да се носат со консензус и овде дискусиите, да имаат тон кој што доликува на едно вакво тело. Она што пред малку од господинот Бишевац го слушнавме, за мене е неприфатливо, реториката и тонот. Ние не спориме дека во оваа држава нема проблеми. Дека нема проблеми во областа на слободата на изразувањето и на медиумите. Меѓутоа јас сакам да ве потсетам дека ја имавме таа чест и привилегија да присуствуваме на расправата за резолуцијата Ричард Ховит во Европскиот парламент. И јас бев буквално восхитен од начинот на кој што некои европарламентарци не бранеа, а уште повеќе бев восхитен од начинот на кој што некои европарламентарци не критикуваа со една навистина европска реторика и европски тон.

Према тоа, ние вака можеме да настапуваме во Собранието, да си собираме политички поени меѓу членството. Меѓутоа овде мораме да бараме решенија кои што ќе бидат во рамките на европскиот дух. И уште нешто да ви кажам, кога ние расправаме за некоја област, еве ќе ја земам конкретно областа на слободата на медиумите, мораме да знаеме дека се има лимит, дури и слободата. Зошто ако во оваа држава јас станам господине Бишевац и вас ве оклеветам дека сте биле на дрога, а тоа да го направи претставник на медиум, за него ќе се примени принципот на декриминализацијата на клеветата, а вие ќе лежите во затвор, доколку се покаже тоа за невистинито. Значи се треба да го правиме тоа со мера и врз основа на закон. И сега тој закон е во фаза на подготовка и европарламентарците тие работи ги гледаат низ таа призма. Значи дали во таа држава проблемите кои што се регистрирани кои што се видливи, кои што се уочливи, дали се работи тие да се надминат и само да ве потсетам ние имаме членки на Европската унија, две кои сеуште се под мониторинг, а се членки на Европската унија. Вие знате тоа се Бугарија и Романија. Значи членки на Европската унија во кои што има сериозни проблеми во функционирање и на политичките и на другите критериуми и никој овде не рече дека состојбите во Македонија се идеални. И дека при изборниот процес немало нееднакво презентирање на политичките партии, тоа е констатирано од страна на ОБСЕ и тие инсистираат на тоа, измената на легислативата со измени на дополнувањата на Изборниот законик, констатирани се нерегуларности да си земат место во измените и дополнувањата, тоа е наша обврска и тоа треба ние да го направиме. Меѓутоа, дали ние тоа ќе го кажеме со некој висок тон дека како може во една земја, да го прикажеме на начин кој што не е добар да работиме на оваа комисија, е тука не се согласуваме. Вие можете се да кажете, меѓутоа можете да кажете со еден тон кој што ќе биде прифатлив за овие луѓе овде. На крај краева, ние сме сите овде едуцирани. И сите сме со политичко искуство и можеме да читаме меѓуредови. Меѓутоа, ако со вакви настапи ние ја шириме, бидејќи ова ќе се пренесува од тука и ова ќе го шириме  меѓу јавноста, значи сакаме да одиме чекор напред. Констатирани се тие слабости и во крајна линија, ако вие во целина го погледнете извештајот на Ричард Ховит, не е таков, како што ние со тој тон што сакаме да го прикажеме овде. Не е баш таков. Дури се бара неодложно започнување со преговорите. И зошто е молк околу советот. Па еве имаше сериозни најави таму, сите одлуки се ност со консензус дека можеме да дојдеме во ситуација да се искористи правото на вето, од страна на нашиот јужен сосед по едно прашање за кое што јас реков дека јас лично не испаѓам да се изјаснам. Ради осетливоста на прашањето. Ќе ви кажам и зошто? Зошто сум припадник на турска етничка заедница. Зошто може утре некој да ми префрли дека немаш чувство национално, за припадници на друга заедница кои што се

мнозинство во оваа држава. Затоа тоа прашање е најболно прашање на македонскиот етникум. Јас не можам да си земам за слобода и да рецитирам со мое размислување за заедница, која што е најбројна и која што е најпогодена со оваа одлука. Јас покажував ова во мое лично име, а не во име на структурите и органите кои што се задолжени да, дури и ова прашање да го стават на дневен ред и да го разгледаат. Према тоа да не ги менуваме тезите ќе ве молам. И да не настапуваме со таква реторика и тој кој што навистина може за жал да го спушти нивото на дискусијата и да продуцира реплики, еве како што произлегува, иако, неколку претходни дискутанти со умерен настап, оставија еден доем дека ова тело заслужува да го има дигнитетот што го има и верувам ќе го има и во иднина. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Јас само пред да ви дадам збор господине Бишевац, бидејќи ова делумно и процедурална забелешка. Јас сакам да ја одбијам, затоа што ниту јас ниту кој било член на Националниот совет за евроинтеграции можеме да се претвориме во цензор на тонот и стилот на дискусија. Барем сеуште до таму не сме стигнале иако сме на добар пат. Но би ве замолила истиот аршин да го применуваме кој е дискутант. Оти не ве чув господине Хасипи молчевте, како и јас што молчев, да реагирате кога пратеникот Милошоски 7 минути зборуваше за опозицијата, тогаш кога комесарот Филе ни беше пристуен на седница. И тогаш не се спореше стилот и тонот на дебатата. Меѓутоа јас велам ако се претворам јас во цензор, задачата на советот нема да ја исполниме. Секој избира како настапува. Како што ќе дадеме шанса на синдикати, на комори, така иста обврска и исто право ќе им дадам и на сите пратеници, без разлика дали ми се допаѓа или не ми се допаѓа тоа што ќе го кажам. Ова само процедурално.

Повелете господине Бишевац.

**Сафет Бишевац:**

Многу едноставно господинот Хасипи е егземплар. Сега го слушнавте за начинот на кој оваа власт се справува со сите оние кои што не мислат како него. Заканата јас можам да кажам дека вие сте биле на дрога. Знаете ли што е во нормална земја? За ова господинот Хасипи ќе треба да има докази и да ги каже на суд. Јас реков за мене господине Хасипи, за вашите демократски капацитети ми е многу јасно и на начинот на кој разговарате.

Второ, јас многу добро знам, дека господинот Хасипи. . .

(Од место Хасипи се буни - интервенирајте, погрешно ме интерпретира.)

**Радмила Шекеринска:**

Се извинувам, ама ќе ви дадам право после да реагирате. Ама знаете како. Ве молам. . . .

(Кенан префрлува од место - Не може така. Ме клевети. Ќе ве молам. Јас реков кога вие би изјавиле, значи медиум, де-криминализација и клевета. А за вас би ве тужел на суд. А не викам дека сте дилер на дрога. Не е фер ова.)

**Сафет Бишевац:**

Јас не знам зошто ви требаше токму тој пример.

Инаку јас многу добро знам дека вие многу лесно се воодушевувате, и тоа не е мој проблем, тоа е ваш проблем. Знам јас вие како сакате да разговарате.

Меѓутоа. . . .

**Радмила Шекеринска:**

Се извинувам, господа пратеници.

Бидејќи никој не се уфрлаше додека секој од нас зборуваше, би замолила истото да важи и кога зборува господинот Бишевац.

**Илија Димовски:**

Се држиме, имаме точка на дневен ред, ако е Кенан Хасипи точка на дневен ред ...

**Радмила Шекеринска:**

Јас се извинувам ама не се буневте кога господинот Хасипи

**Илија Димовски:**

Он му реплицираше со аргументи...

**Радмила Шекеринска:**

Господине Димовски вие побаравте реплика. За да дојде таа реплика на ред би ценела да го цените малку колегата Бишевац додека доби право на збор.

Јас сум тука, додека сум јас претседател, јас тоа ќе го правам.

**Сафет Бишевац:**

Спомнувањето на концептот е поинаков. Меѓутоа, знаете што е разликата, јас пак за слобода на медиуми. Еве една проста разлика. Јас ова да го кажев за господинот Хасипи ќе стасаше тужба до судот.

**Силвана Бонева:**

Тоа е веќе лично и....

**Сафет Бишевац:**

Дозволете госпоѓо Бонева, ве молам, дали се лични или не.... Дозволете, вам не ви рекоа таква работа.

**Силвана Бонева:**

Импутирате.

**Сафет Бишевац:**

Не импутирам, тоа и вие го слушавте и молчете. Како што впрочем молчите за многу работи во оваа држава.

Меѓутоа, разликата дека тоа го кажа тој и јас да го тужам, знаете кога ќе му ја достават тужбата? Кога Ставревски ќе дојде на суд. Ама јас не го зборам тоа затоа што го мразам Ставревски и скраја да го мразам Хасипи. Јас зборувам дека оваа држава не го почитува владеењето на правото. Во оваа држава не сме еднакви пред законот. Тоа е проблемот на оваа држава. Не можете обичен граѓанин да го носите дури да го спроведувате со полиција за тужба, а министер да не знаат луѓето каде му е адресата на министерот. Не знаат каде да му ја достават поканата. Тоа е разликата, за тоа спориме. Јас велам дека тоа не смееме да го буткаме под тепих. Тука беше мојата реакција господине Хасипи, не е, а вие можете да зборувате што сакате, воопшто не е проблем. Јас и вие не мислиме исто, меѓутоа, јас до смрт ќе се борам за вашето право да не мислите исто како мене. Но, ќе ми дозволите, ќе се борам за моето право да мислам онака како што сакам да размислувам.  Благодарам

**Радмила Шекеринска:**

Во што е само процедуралната забелешка господине Хасипи

**Кенан Хасипи:**

Во објаснувањето зошто го зедов тој пример.

**Радмила Шекеринска:**

Не, не, значи тоа не е процедурално тоа е, се извинувам...

**Кенан Хасипи:**

Да земам зборот, ако ми дозволите

**Радмила Шекеринска:**

Господине Кенан Хасипи можете да земете збор после кога ќе се завршат сите реплики.

Ајде да водиме сметка, секој сака да дискутира, а некако нема трпение да го сослуша другиот.

Следната реплика господинот Димовски.

**Илија Димовски:**

Благодарам.

За жал имаме типичен пример како да ја дефокусираме расправата. Имаме денеска можност овдека со нас да е потпретседателот на Владата задолжен за процесот на евроинтеграции и со него отворено да дискутираме за сите проблеми кои што Република Македонија ги има во исполнување на тој пат, но очигледно емоциите на пооделни пратеници неуспешни во политичката кариера да постигнат промена на власт, надвладуваат и сега дебатата треба, за жал, наместо дебата со Владата како што доликува на едно вакво надпартиско тело, би потенцирал формирано врз база на разговори и со Европската комисија и со Европската унија да ја сведеме на проста политичка пресметка, квалификации, предрасуди, прес конференции и така натака и така натака. За жал, таквиот пример не започна со именуваниот господин на кого што јас му реплицирам, туку започна со еден дискутант исто така, во расправата пред тој да дискутира кој што зборуваше како на прес конференција на политичка партија а не како член на овој Национален совет за евроинтеграции кој што повторувам, смислата, начинот на формирање, начинот на составување на Националниот совет му е сосема подруга отколку ова што денеска го гледаме, за жал. Ја пропуштаме шансата да дискутираме со Владата за да постигнеме некој ситен политички поен пресметувајќи се помеѓу себе. Но

тоа е избор на секого, на крај нели граѓаните се тие кои што ќе ја донесат финалната оценка.

Јас потенцирајќи неколку моменти кои што ги забележав во дискусијата на господинот Сафет Бишевац би сакал јасно и отворено да прашам - во која држава нема проблеми? Дали постои таква држава на планетава или дали постои држава во Европа или било каде, можеби надвор од планетарниот систем би требало да дискутираме, во која што нема проблеми? Конечно, дебатираме за слобода на медиуми како стандард кој што треба да го исполниме во текот на преговорите за полноправно членство во Европската унија. Дебатираме со новинарските асоцијации, постојано има јавни расправи и така натака и не бегаме од тоа, но извинете господине Сафет Бишевац, каква е состојбата на пример, во Италија, која што веќе е член на Европската унија? Не би сакал ние да се доведуваме во ситуација како граѓани на оваа држава да ја потценуваме сопствената држава, а да идеализираме други држави. Да, да ги видиме позитивните примени, но да ги знаеме и негативните примери. Да ги искористиме позитивните примери низ една нормална расправа со сите заинтересирани субјекти, да направиме исчекор напред. Со обвинувања против власта кои што добиваат димензија на обвинување и по сопствената држава, користејќи аргументи кои што ги користи само Министерството за надворешни работи на една наша соседна држава, не помагаме. Едноставно внесуваме дополнителна зла крв во целата политичка дебата во Република Македонија и не сме сконцентрирани на проектите кои што треба да ги тера токму овој претставник на Владата присутен пред нас, туку се концентрираме на кој на кого политички ќе му нанесе поголема штета. Во тој правец, би ве замолил кога велите, не знам дали јас не гледам добро или другите не гледаат добро, не мора да гледате ние како гледаме, прочитајте го извештајот на Европската комисија од пред еден месец, господине Сафет Бишевац, кој што во 99% имаше апсолутно позитивен тон за сите активности по сите поглавја за Република Македонија. Веројатно го имате добиено тој извештај и во англиска и во македонска верзија, веројатно и некој од службите може и да ви го подаде, тој беше документ актуелен пред месец и половина, не треба вистината да ја барате од нас. Побарајте ја од тој извештај. На крај на краиштата, господине Сафет Бишевац, заборавате дека има десетици и десетици различни изјави на меѓународни фактори, на претседатели на држави, на раководители на значајни мултилатерални меѓународни организации кои што потенцираат во континуитет дека во моментот евроинтегративните или евроатлантските интеграции на Република Македонија се закочени заради проблемот кој што го имаме со соседна државата. Ако тоа не успевате да го разберете кога ние ви го велиме, тогаш ве молам, повикајте се на авторитетот на тие меѓународни институции и на вршителите на

значајни функции во тие меѓународни институции. Инаку, зборувајќи помалку искрено, без да се навредите, со таквиот тоналитет, со таквата енергија и со така пласирајќи ги аргументите навистина и јас имав прилика минатата недела да присуствувам на една расправа во Европскиот парламент, и би се согласил со господинот Кенан Хасипи дека звучите, дека имате повеќе проблем со сопствената држава отколку што некои други од нашето соседство имаат проблем. И кога сето тоа би било објективно јас би ве разбрал и би седнал со вас и би разговарал, но знам дека причините се повеќе базирани на, можеби тоа е доза на негативна енергија заради неуспехот. Еве, долго време се во опозиција, не успевате да ги пласирате вашите тези, не успеваат граѓаните да ви ги разберат тезите, можеби граѓаните се криви, како што некои ваши блиски експерти полемизираа после завршување на локалните избори во 2013 година, дека граѓаните не разбираат што се случува и така натака и така натака.

Инаку, во врска со проблемот со името кој што е клучен и ние често во Собрание дебатираме, не знам зошто сте ги пропуштиле тие дебати, практично секоја десетта точка ние го поврзуваме со тоа и дискутираме, мислам дека имаше две релевантни изјави во минатите две недели, едната е од грчкиот претседател Папуљас, а другата е соопштение од вашиот коалиционен партнер на ВМРО - Народна партија, кој што и двете се во ист правец, се повикува на ревизија или на затворање или на финиширање веќе на македонизмот. Значи, Папуљас побара Македонија да се откаже од македонизмот, а вашиот коалиционен партнер ВМРО - Народна партија во соопштение побара ревизија на македонизмот. Ако тоа за вас и за вашите коалициони партнери, за вашата коалиција е разумно, прифатливо, нормално, со среќа повелете со тие ставови, јас тоа го отфрлам и како личност и како политичар.

Зборувате за рамномерниот регионален развој вие и еден од претходните дискутанти и некако заборавате во тој пакет на средства кој што државата ги обезбедува за единиците за локална самоуправа да ги заборавите средствата кои што државата ќе ги исплаќа по кредитот Европска банка, а ги доделува на единиците на локална самоуправа во едниот проект за водоводі и канализации и во другиот проект за локални патишта, кои што двата проекти заедно тежат 120 милиони евра. И тоа е обврска која што државата, односно централниот буџет ќе ја исплаќа, а единиците на локална самоуправа ги користат како средства. Но, тоа е слично како што беше допола ги кажуваме работите, запирката ја тргаме и не кажуваме после запирката и затоа сега ќе создаваме впечаток дека Владата не помага на рамномерниот регионален развој. Или кога зборувате за ситуацијата со конкурсите за вработување на социјално ранливи категории јас би сакал само еден податок да споделам со вас, веројатно не сте го слушнале, или не сте сакале да го

слушнете повеќе би помислил, во 2006 година во Република Македонија имало 540 илјади вработени луѓе, 540 илјади. Ова е според Државен завод за статистика. Во овој момент во Република Македонија се вработени 638 илјади луѓе, или конкретната разлика која што, ете како бројка сум ја запамтил е 98.553 нови работни места, повеќе луѓе вработени во периодот од 2006 до 2013 година. И сега, додека можевте да фрлате прашина за тоа дека студенти се запишувале, па се намалувал бројот на невработените, дека се вработувале во администрација па се намалувал бројот на невработените, сега не можете, заради тоа што има конкретни бројки по сектори, господине Бишевац, каде има раст на бројот на вработените. Во земјоделие имате од 114 илјади вработени - 130 илјади, имаат ефект политиките на Влада во земјоделието или немаат ефект? Во градежништвото имате исто пораст на вработувањата, во туризмот исто така имате пораст на вработувањето. Да, има дел и во јавната и државна администрација, но тоа е како да ви кажам, минорно во споредба, станува збор за десетина проценти од оваа бројка која што ви ја кажав со посебен осврт и аспект на исполнувањето на обврските од Рамковниот договор и пакетите на по број на лица кои што се вработуваат за да се задоволи рамномерната етничка застапеност на помалите етнички заедници во Република Македонија.

И на крај, во врска со слободата на медиумите, таа дебата секогаш е сензибилна, посебно е сензибилна кога со вас би требало да влеземе во дискусија заради тоа што вие бевте едно време слободен и независен новинар, потоа станавте пратеник, како и колешката Ленче Николовска, гледаме деновиве и други слободни и независни новинари стануваат портпароли на општини, стануваат советници на лидери на политички партии, веројатно станува збор за истата група на слободни и независни новинари. Тоа е за почитување, додека сте слободни и независни и за почитување е одлуката ваша да станете дел од активниот политички живот, но јас, искрено не знам дали додека сте биле слободен новинар сте биле политичар или сега кога сте политичар сте слободен и независен новинар. За компарација би ви посочил дека во периодот додека СДСМ беше на власт беше воведена можноста за клевета да се одговара, односно да можете да бидете осуден и на издржување на казна затвор. Во време кога ВМРО е на власт во дијалог со новинарските асоцијации се донесе Закон за декриминализација на клеветата, и веќе од декември 2011 година, сега сме јуни 2013, значи повеќе од година и пол во тек е јавна расправа пред да започне процедура за донесување на закон за медиуми кој што како насока вклучително и последната дебата во Брисел беше околу законската рамка на медиумските слободи и гаранција на медиумите, и веројатно во тој правец штом Владата имала намера година и пол да дебатира со новинарските асоцијации и со сите засегнати субјекти, веројатно и ние како Собрание кога ќе дојде во наша постапка ќе имаме доволно

време и доволно енергија да дебатираме и да донесеме еден добар закон во кој што пред се, ќе биде дадена поддршка на процесот на саморегулација кај новинарите, ќе биде гарантирана слободата на новинарите да одбијат да потпишат текст кој што уредниците го менувале итн. итн.

Уште две работи би сакал да ви посочам, прво е да проверите господине Бишевац кој од политичарите поднесуваат тужби против новинари. Јас ви гарантирам освен во еден случај на пратеник од ВМРО-ДПМНЕ кој што поднел тужба пред да стане пратеник во врска со текст напишан за неговиот приватен бизнис, за неговата приватна работа не можам да се потсетам на такви случаеви, дури и ако има веројатно се еден или два, но во исто време целото раководство на вашиот, не знам дали сте сега член на СДСМ или сте се уште во коалиција, целото раководство на СДСМ има поднесено повеќе од стотина тужби против новинари во Република Македонија, и би ве молел ако зборуваме за принципи и  ако барате принципи во дебатата би ве молел, еве една идеја јас и вие да покренеме една јавна расправа да видиме кој тоа тужел новинари во Република Македонија за да дефинираме од каде нели, политичарите почнуваат со притисокот врз медиумите и врз новинарите.

Исто така, зборувајќи за медиумите можеби е добро да се разговара да видиме колку пари Социјалдемократскиот сојуз остана должна на вашата Телевизија А1, вашата зборам во смисла на тоа што таму работевте претходно, од последната изборна кампања дали станува збор за огромни средства, во милиони евра, колку таа телевизија остана должна на други субјекти во стечајната постапка, колку приватни фирми се оштетени заради ненаплатата на тие долгови кои што СДСМ ги имаше кон А1 телевизија, колку данок државата не собрала заради тие средства и така натака, и така натака. И затоа, ви велам, да - ние сме спремни да дискутираме за сите прашања, но во адекватна атмосфера, во адекватна процедурална постапка, многу ми е жал што морам со вас да влегувам во реплики, интенцијата беше да разговараме со заменик претседателот. Поставив прашања за кои што моите гласачи ми посочиле дека се проблематични и на тој начин настапувам и спрема Владата што ви е доказ дека без разлика што сме припадници на владејачкото мнозинство и јас и колешката Сузана Салиу поставивме да не речам критизерски, но поставивме прашања кои што имаат критичност во својата смисла за многу сензибилни сегменти од нашето општество. Но, таквата дебата, за жал, ќе ни недостасува уште подолго време. Ви благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Димовски. Јас се надевам, само процедурално една работа дека сите забележаа како никој не влегува во зборот на Димовски дури и кога дискутира за лични прашања на господинот Бишевац, и се надевам дека истиот тип на однос ќе го имаме кон сите, а бидејќи имаме расположение за јавни расправи, јас се надевам дека ќе имам поддршка да организирам една јавна расправа, каде живее на пример сегашниот министер за труд и социјална политика, каде живее министерот за финансии, па можеби некогаш судска покана и ќе добијат.

Повелете господине Бишевац.

**Сафер Бишевац:**

Благодарам. Еве тоа е разликата господине меѓу вас и мене. Јас имам и доблест и трпение да ја сослушам вашата наводна аргументација. Влегувавте два - три пати, но не е проблем. Еве и сега влегувате. Тоа е разликата.

Значи, убаво од вас што се сеќавате на 2006, ама не кажавте ништо за трите милиони на ВМРО-ДПМНЕ од пред некоја година. Не е важно. Нема закон за ВМРО-ДПМНЕ. Нејќам да влегувам во такви работи. Мојата интенција и мојот настап беше ваков и кога бев новинар. Колку бев слободен, тоа ќе ми дозволите ќе го судат колегите во некогашната бранша, а не вие како политичар. Јас за вас како директор на комуникации на ВМРО-ДПМНЕ како производител практично на нештата со кои овој популизам, да не употребам потежок збор, еве ќе се воздржам, во име на европскиот дух на господинот Хасипи, со кој практично и сега го докажавте. Ја заменивте тезата. Јас не зборував за слободата на медиумите во Италија. Ме интересира, како поранешен новинар, мене тоа ме интересира многу повеќе, состојбата на медиумите овде. И претпоставувам дека тој еден процент, значи извонредниот извештај на Ховит за Македонија се однесува на слобода на медиумите оти другото е се средено, така? Претпоставувам дека тој еден процент се однесува само на слобода на медиумите и тогаш јас ќе се согласам со вас дека ние во оваа држава немаме проблем. Ако е само тој еден процент и се однесува на слобода на медиуми немаме проблем.

Меѓутоа, не е така и вие тоа добро го знаете. Ние по слобода на медиуми сме едно место пред Турција, далеку на дното на листата на земји кои се европски, територијално, меѓутоа ние европски, а во друштво со Лесото, Замбија и Нигер.

Ако мислите дека ние како еврпска земја треба со нив да споредуваме и со нив да ги мериме нашите слободи тоа е ваше право. Јас не мислам така. Јас мислам дека од тие 74-то место 2009 година, требаше сега да бидеме на 64-то место и така го разбирам

процесот на приближување кон Европската унија и НАТО, постојано чекорење напред во остварувањето на правата и можностите на овие граѓани. Јас не мислам дека е добра политика 25 илјади високо образовани кадри спас од оваа држава да бараат надвор. Тоа не е добра политика и нема да го решиме проблемот со тоа што ќе молчиме за тоа. А тоа ни се случува. Има ли вина во некои поранешни влади, да има, но вие сте седум години на власт и не можете повеќе да се вадите на тоа што го работеле некои други влади добро или лошо. Седум години се доволно долг период за еден јасен и конкретен исчекор во квалитетот на живеењето на граѓаните во оваа држава која според некои анкети е разочарувачка. Ние сме држава во која практично владее мизеријата. Знам дека тоа не важи за одредена група на луѓе, знам за еден процент кои живеат поевропски и од најбогатите европјани. И во ред е, такви разлики ќе има. Мојата идеологија значи поправедна распределба на националното богатство. Не мислам дека наша иднина е богатите да станат уште побогати, а работниците и сиромашните уште посиромашни. Не мислам дека тоа треба да биде нашата иднина. Социјалната правда, владеењето на правото, слободата на религиско и секакво друго изјаснување мора да биде света цел. Во момент кога тие критериуми ќе бидат на ниво со кое ние како луѓе ќе се гордееме и ќе ги чувствуваме, ќе ги уживаме, тогаш прашањето дали треба да идеме во Европската унија под услов да го смениме името е тотално депласирано, гајле ми е што мисли грчкиот министер или претседател јас живеам европски во земја во која владее правото во која има квалитетно образование, квалитетно здравство, јавни услуги, развиена комуникациска инфраструктура, тогаш нашиот избор е логичен. Вака бегајќи од решавањето на проблемите не и правиме услуга на оваа држава. Мислам дека тоа не е патриотизам. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господин Бишевац.

Следен за реплика е господинот Митревски, повелете.

**Живко Митревски:**

Благодарам претседателке.

Иако мислам дека отсега па натаму навистина ова тело Националниот совет за евроинтеграции кој го сметам од исклучително значење ќе претставува тело кое ќе промовира исклучителни вредности кон кои ќе тежнееме сите, а тоа е максимално брз приод на Република Македонија кон евроинтеграциите од сите субјекти вклучително и политичките структури давање максимален допринос за реализирање на оваа цел сепак

ни се случува по еден континуитет отворање на простор и можност арена за политички судири и делење на квалификации и дисквалификации по одредени прашања и зафаќање на одредени субјекти кои имаат сосема други активности и проблематики кои треба да ги реализираат. Поттикнат сум за оваа реплика пред се  од една тешка дисквилификација која ја даде пратеникот Бишевац а тоа е квалификацијата дека сите структури во Република Македонија тоа значи невладини структури, организации, здруженија на граѓани, синдикати, комори итн се ставени под контрола. Мислам дека тоа е тешка и сериозна дисквалификација кога зборувам за синдикатите максимално ја отфрлам од причини што еве погледнете ги извештаите и на Светска конфедерација на синдикати, Европска конфедерација на синдикати, Меѓународна организација на труд, последните извештаи на Меѓународната организација на труд, извештаите на Европската комисија јасно се зборува барем кога зборувам за синдикатите за значителен напредок од типот на она што претходно го споменав во делот на донесувањето на законите од историски карактер до она што значи од 2010 па наваму драстично стопирање на оној пад на работнички права, од она што значи донесување, имплементирање на 19 нови директиви од Европската унија кои се имплементирани во Законот за работни односи и драстично подобрена положбата на неколку целни групи од типот на младите, на жените, обезбедување, елиминирање на дискриминацијата до она што дури беа и вчудонедувани голем дел од наши колеги кога зборувавме и за најновите измени во Законот за работни односи кога им наметнавме дури и на работодавачите во огласите да ги утврдуваат и платите за оние кои ќе ги примаат до она што значи утврдување на можност за плаќање на платите на оној работодавач кој ќе биде затекнат со повеќе од две лица кои не се евидентирани да исплаќа и до 70% и платата на работниците. Значи ја отфрламе како синдикати ваквата квалификација, зборуваме за еден значаен напредок кој сигурно е евидентиран. Еве ќе ви посочам, видете ги извештаите повторно на Светската конфедерација на синдикати и на Меѓународната организација на трудот која јасно нотираше дека за разлика од претходните 20 години во Република Македонија кога беа ратификувани само четири конвенции, во една година успеавме и благодарение ете на тој социјален дијалог со наша подршка и преку Економско социјалниот совет да ратификуваме уште пет нови конвенции вклучително и очекуваме дека Собранието уште тие три нови конвенции посебно пак поврзани со заштитата на работниците во јавниот сектор колку што е можно побрзо ќе  биде евидентирана. Зборувавте и за штрајкови зошто синдикатите во моментов не покренуваат штрајкови. Синдикатите ќе покренуваат штрајкови во оној момент кога ќе побара членството и во оној момент кога ќе бидат елиминирани трите црвени линии што ги поставивме во рамките на предлогот на пакет

мерки. Само да ве потсетам ние сме едни од ретките синдикати и во опкружувањето па дури и во Европа кои пандан на мерките кои ги даде Владата за справување со кризата тоа петте пакети на анти кризни, ние уште во 2010 поставивме наш пакет на анти кризни мерки кои голем дел од тие елементи фактички во еден континуитет Владата на Република Македонија ги спроведува и каде што ги утврдивме тие три линии во делот на тоа што во услови на криза нема да дозволиме масовно отпуштање и тоа е присутно во Република Македонија. Значи Република Македонија како што беше насловена и како што ни кажаа во Брисел е редок пример да не речам вака буквално се изразија е остров каде што не се случува масовен бран на нови отпуштања. Значи до 30% скоро насекаде имаме отпуштања. Или пак она што значи намалување на плати. 30% се секаде намалени платите. Јас не зборувам дека во Република Македонија ние имаме некои високи плати, напротив имаме ниски плати, за тоа во континуитет се бориме сите како да обезбедиме можност да ги зголемиме платите тоа го направивме колку што можевме заедно со работодавачите во рамките на нашите можности од тие никакви 4500 до 5000 денари ја зголемивме со Законот за минимална плата најниската плата до 8050 која што претставуваше репер пак преку гранските колективни договори до 30% да ја зголемиме платата во сите останати други гранки. Значи имаме зголемување на 8050 и плус 30% од тоа. Тоа не значи пак ќе кажам дека со тие плати можно е да се задоволат сите барања но во овој контекст навистина сметаме дека максимално од невозможното правиме возможно во услови на ова. И третиот столб да ве потсетам, насекаде пензиската граница замина на 67, максимални напори правиме во овој контекст исто тоа да го задржиме. Мислам дека тие се конкретни чекори. И, последното беше околку штрајкот на ОХИС. За ваша информација преку нашите грански синдикати преку Синдикатот на СИЕП сме во постојана комуникација, постојано луѓето се во нашата зграда, постојано бараме решенија, имаме испратено и до Економско социјален совет и до Министерството за труд но не само за ОХИС туку и за сите загубари кои се повлечени во делот на овие наши решенија кои ги бараме и на тој начин сметаме преку овој пат да го решиме проблемот за голем број на тие загубари. Е тоа се тие конкретни активности. Би се навратил на она што министерот на крајот рече навистина дајте како политички структури еднаш во Република Македонија подадете си раце, направите една нормална атмосфера, елиминирајте ја таа зла крв и дозволете им на работниците и граѓаните во Република Македонија навистина слободно и нормално и тие да се борат со вас како политички структури да им овозможиме во Република Македонија подобро место за живеење. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодрам господине Митревски.

Еве и како претседател и пратеник да кажам дека можеби тој апел ќе беше добар од синдикатот кога делот од пратениците ги исфрлија сега од Собранието.

**Илија Димовски:**

Процедурално се јавувам.

**Радмила Шекеринска:**

Се извинувам, јас давам збор и за процедурално и за реплики и можеби тогаш тие апели ќе беа покорисни.

Прво реплика, па потоа процедурално.

Процедурално повелете.

**Илија Димовски:**

Благодарам.

Процедурално реагирам на вашата интервенција која што имаше карактер на реплика, а немате право по ниту еден правилник ниту деловник или по ниту една пракса во Собранието да реплицирате на реплика наменета на друг пратеник. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Очекувам истото да го повторите кога господинот Трајко Вељаноски, кој извесно време беше претседател на Собранието во полн капацитет, а сега е со сериозно нарушен мандат да му го кажете истото, кога коментира по наши изјави.

Повелете за реплика господине Бишевац.

**Сафет Бишевац:**

Благодарам.

Навистина многу кратко.

Прво апсолутно не ми беше целта да оспорам дека вие нешто сте направиле. Вие си знаете колку сте направиле, јавноста тоа го знае. Го знаат на крајот на краиштата работниците. Тое е во ред.

Јас само сакав да бидам јасен. Мислам дека тие луѓе од ОХИС, конкретно за нив ќе се задржам. Мислам дека тие луѓе од ОХИС со амин на синдикатите, на Сојузот или

незнам, претпостаувам дека и вие имате обврска, бидејќи ваши луѓе се таму се доведени во ситуација дваесет месеци да не примаат плата. Тоа е и ваша согласнот. Нешто не ве слушнав никаде да станете јасно и гласно и да кажете дека тоа не може така. Дваесет месеци господине, дваесет месеци, а не велам дека вие не сте направиле. Ви честитам за тоа што сте го направиле. Во Парламентот и во пратениците од опозицијата секогаш ќе имате подршка за сите закони кои значат социјална правда, поголеми права за работниците за сите граѓани во оваа држава. Секогаш ќе ја имате подршката на пратениците од опозицијата. Меѓутоа исто така ќе дозволите дека имеме право да очекуваме од вас да не молчите за дваесет месеци гладување на тие луѓе. Тоа ми беше забелешката. Инаку навистина немам ништо. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Го завршивме кругот на реплики, следен за збор е повторно господинот Пешев, повелете.

**Антони Пешев:**

Ова испадна дека јас не говорам, а денеска имам потреба да говорам два пати. Јас само сакам да кажам дека дента кога влегов како член на оваа комисија бев свесен дека ќе бидеме ставени во нерамноправна позиција. Да разговараме со луѓе кои ги штити имунитет и нас една група овдека која не не штити ништо. Тој ден јас јавно кажав дека јас лично сум, тогаш реков евроскептик, денеска е помодерно да се каже еврореалист. Очигледно тој евроскептизам полека го заменува друг збор, меѓутоа институцијата која ја застапувам не ги има тие позиции. Токму заради тоа реков дека во мојата дискусија ќе бидам максимално конструктивен. Знате како. Ми смета пренесувањето на политиката која што ја води Парламентот и начинот на разговор кој се води во Парламентот на оваа комисија во која не сме должни ние да собираме поени.

Втора работа прибирањето на елегантни поени на база на курентни теми, за кои конкретно јас немам ни мандат да говорам заради тоа што не сум политички субјект.

Третата работа е дисквалификацијата или оценката на членовите на ова тело на база на лична проценка на било кој пратеник. Ние не сме темата за дебата, за тоа како реагираме и дали реагираме правилно. Во една пригода реплицирав исто на претставник на опозицијата, кој ме прозва да ја оценам работата на власта. Јас реков не, тоа ќе го направи мојата институција. Во оваа комисија ние разговараме на конкретна тема, а таа е извештајот кој ни е даден и како тој да биде подобар. Испадна дека мојот

евроскептицизам бил мила мајка за она што го слушам изминатите месеци. Па оваа институција е поголем евроскептик него сите евроскептици во оваа држава. Тонот кој се пропагира во оваа институција е далеку полош и понепрогнозиран за нашата држава од она што треба да биде.

Искрено да ви кажам, јас мислам дека не знам какви ќе бидат односите и какви ќе бидат резултатите, не ги предуцирам на политичката сцена во Македонија, меѓутоа, ми смета прозивката индивидуална на луѓето во овој комитет и навистина ќе ме натерате и ние да си се повлечеме и ретко да доаѓаме. Тоа ќе биде контра продуктивно. Вие барате импакт од сите нас, кои доаѓаме од реалниот живот. Еве уште еднаш го употребувам реалниот живот, бидејќи тој е единствениот мериторен оценител на вредностите во оваа држава и дали ќе бидеме членка или нема да бидеме членка на Европската унија не одлучува овој комитет, одлучуваат граѓаните на Република Македонија.

Можеме и како комитет и како Собрание да донесеме одлука дека ќе бидеме членка на Европската унија, ако народот тоа не го сака нема да бидеме членка на Европската унија.

Имаме ситуација во која една европска држава требаше да стане членка на Европската унија, одби да биде членка на Европската унија. Затоа велам не е во ред да не прозивате и да не поставувате на столбот на срамот и да не поставувате во својата лична, индивидуална политичка пресметка. Јас сакам да разговарам на курентни теми, и јас сакам да разговарам за теми кои ме тангираат лично како интелектуалец, меѓутоа јас како претставник на институцијата која ја застапувам во ова тело, се трудам да бидам максимално конструктивен.

Инаку, за висината на тонот, не се грижете. Малку сум поблиску до вас. Сакам да ви кажам дека за демократскиот капацитет воопшто да не се сомневате. Меѓу другото, јас лично сум бил парципиент на многу демократски процеси во оваа држава како човек и сега сум, ама тоа не е тема на оваа дискусија. Го имаме заменикот премиер на Владата на кој требаше да му дадеме конструктивни забелешки на темата ако имавме да кажеме. До сега требаше и писмено да ја доставиме таа работа, бидејќи тоа што го имав да го кажам беше директно. Она сега во што се претвори оваа дискусија не е промоција на Македонија како земја членка на Европската унија.

Извинете, јас ќе престанам да дабатирам  на сите теми и едноставно ќе побарам да бидам земенет со некој помолчелив, бидејќи имаме право за заменици.

**Радмила Шекеринска**:

Благодарам.

Следен за збор е госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:**

Сосема накратко не сакам да одземам воопшто време, само сакам да го свртам вниманието на сите членови на Националниот совет, оние кои што имаат право на глас, а тоа се пратениците и на претседателката и мене како заменик претседател и копретседател како сакате.

Искрено се срамам веќе од дискусиите на Националнот совет за евроинтеграции. Ова веќе не е место каде што зборуваме за евроинтеграциите на Република Македонија. Се повеќе и повеќе се измести тежиштето на функционирањето и на потребата од создавање на едно вакво тело. Ние не сме комисија на Собранието на Република Македонија, за меѓусебно да се расправаме и политички свои видувања за нештата да даваме. Овде сме сите заеднички со една единствена цел да ја исполниме одлуката на Собранието на Република Македонија која што произлегува од барањето на сите граѓани на оваа земја, Република Македонија да биде дел од Европската унија. Како започнавме? Како се одвиваа седниците на Националниот совет? Како носевме заеднички заклучоци со консензус? Затоа што немаше реплики едни на други, затоа што секој што се држаше до она што е извештај и не водеше единствената желба Македонија да биде дел од Европската унија. Да покажеме што е тоа што може да не доближи едни до други. Да ги слушнеме луѓето кои што се овде и го губат своето време, за една единствена цел, да дадат сугестии, забелешки, препораки на Извршната власт и на нас како пратеници на кој начин на терен, односно во институциите од каде што доаѓаат или пак невладините организации или медиумите или стопанските комори, синдикатите како тие ги чувствуваат промените на законите кои што ги носиме и извештаите кои се даваат се со таа цел.

Да ги слушнеме луѓето кои директно ги засегаат промените кои што треба да ги правиме во врска со усогласување со европските закони. Ние сега ништо не работиме. Овој Национален совет веќе се повеќе и повеќе стана место каде што ќе дојде секој пратеник и без да води сметка која е целта на Националниот совет за евроинтеграции доаѓа овде и го узурпира времето и не дозволува да се разговара, прво на темата, а и го опструира и функционирањето на Националниот совет за евроинтеграции. Жалам што е така, се срамам што е така, стигнавме денес до таков преседан буквално да ги ставиме на обвинителна клупа луѓето кои што треба да ни дадат од нивна страна видување за евроинтеграциските процеси до каде сме од областа што тие ја покриваат и да слушнеме нешто повеќе. Кој импут сега ќе го добие потпретседателот на Владата или ние како пратеници за да можеме да дејствуваме нешто во позитивен правец за европските

интеграции во Република Македонија. Националниот совет за евроинтеграции се основа, член 1 мора да го повторам смешно е, мислам дека сите треба тоа да го знаеме бидејќи сме членови на Националниот совет, се основа во функција на засилување на активностите, одговорностите, на сите надлежни и државни органи и институции во обезбедувањето заедничка согласност и координирано дејствување во процесот на добивање на членство на Република Македонија во Европската унија. Го следи и оценува текот и активности за добивање на членство, дава мислење и насоки, препораки за подготовките за започнување на,.........член 2.. Кои мислења и препораки освен тоа што беше кажано од господинот Пешевски го слушнавме од луѓето кои директно ги засегаат промените на законите кои овде ги носиме. Мислам дека навистина веќе ќе стане невозможно токму од самиот почеток се пријавив да кажам дека ние буквално ги бркаме луѓето кои што се членови на Националниот совет кој што не мора да не слушаат. Тие не земаат плата за да седат овде и да не слушаат нас како се караме едни со други, имаме многу други тела. Ова е тело каде што максимално заедничката волја да бидеме дел од Европската унија треба да не обединува и да гледаме што е тоа реално напишано во извештајот. И секој нормално и од партиска перспектива, меѓутоа да дадеме сугестии и препораки за подобри решенија. Да тргнеме од тоа што ако веќе толку време потрошивме, еве овде е извештајот на господинот Ховит и предлог резолуцијата односно она што ќе биде предмет за два дена на Советот на министри, ние ништо не потрошивме време за тоа. Значи да видиме до каде сме, што се препораките што треба да правиме и која е единствената пречка или единствените пречки кои што ние можеме заеднички да ги надминеме да оставиме Република Македонија да не добие негативна оценка, односно да не добие да речеме датум за преговори и наместо да зборуваме за индивидуални мислења на пратеници на твитер пораки кои што биле оставени овде да разговараме врз основа на извештај, врз основа на скоро 600 гласа на европарламентарците кои што кажаа дека Република Македонија треба да добие датум за преговори. Искрено ќе кажам уште еднаш, се срамам од ваквите дискусии бидејќи секој од нас овде што седат пратениците треба да ја гледаат расправата за Македонија во Европскиот парламент. Како се дискутираше и како се бореа пратеници кои што не се пратеници на Република Македонија во Европскиот парламент за Република Македонија да добие датум за преговори. Мислам дека откако ќе го разгледаат не е долг временскиот период, наредниот Национален совет нема да биде такво да се срамуваме едни од други што е тоа што правиме. Благодарам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Следен за збор господинот Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:**

Благодарам.

Прво би сакал бидејќи во еден момент под наплив на емоциите го подигнав тонот, сакам да се извинам на колегите кои што на директен или индиректен начин можеби сум ги навредил.

Втора работа, вие во вашето прво излагање госпоѓо претседател рековте ако не се лажам, дека не е добро од извештаите на ОБСЕ да се вадат одредени цитати, а другите да се премолчуваат. Јас се сложувам со тоа, меѓутоа редно ќе беше тој принцип да го примените и при дискусиите на колегите бидејќи и тука се извади од контекст нешто што јас го немав кажано. Оттука, како член на овој Национален совет барам да ми се достави стенограмот од оваа седница и верувам дека се води стенограм, не би било лошо тој стенограм да му се подели на колегата Бишевац бидејќи верувам дека ќе стои на зборот дека ќе покрене постапка за клевета, ако не го разбрав погрешно. Во спротивно нешто слично јас ќе направам. Зошто го зедов баш овој пример, можеби спрема погрешна особа, го зедов баш овој пример зошто ваков тип на клевета имаше врз член на мое најблиско семејство. И никому ни влакно не му фали бидејќи клеветата како термин е наметнување некому нешто што не направил. Оттука, согласно законот сме во нерамноправна положба. Вие долго време работевте во медиумите, работевте во еден медиум кој не по моја вина се води судска постапка и во својство на новинар ве разбирам дека барате во детали некои работи да се елаборираат. Јас тоа право не ви го оспорувам, меѓутоа, бидејќи се работи за процес на евроинтеграциите каде што и извештаите се прават избалансирано, имајќи ја таа логика треба и ние овде да расправаме избалансирано, бидејќи овој начин на кој ние расправаме се пренесува јавно и оди до европските институции. Тоа ми беше целта и при воведното излагање и при реакцијата. А не некого лично да го навредам или некому да му накалемам нешто што не го направил. Затоа бидејќи сеуште сум под наплив на тие емоции во овој момент ќе ја напуштам оваа седница, независно кој што ќе рече и како ќе ми реплицирам, се плашам дека не ќе можам да се исконтролирам што не е мој стил на дискусија, барем во досегашното парламентарно искуство. Настапив со најдобри намери, сакав духот на кој расправа Европскиот парламент и структурите на Европската унија да го пренесам овде. За жал бев погрешно разбран или во таа еве да си земам слободно моја мисија не успеав. Само сакам да ве потсетам дека првпат во историјата на

плурализмот во Република Македонија ние со заедничко писмо МПК двата копретседавачи од кој едниот е со грчко етничко потекло му се обраќаме до претседателот на Европскиот парламент господинот Мартин Шулц да се заложи да добиеме датум за преговори. Меѓутоа, беше многу тешко тоа да се издејствува, на еден таков текст двете спротивствени страни да стават потпис, тоа значи дека требаше да се има чувство и за нивните и за нашите барања и да го најдеме решението во средина. Затоа реков дека тонот и начинот на кој расправаме не е добар и да има нешто за критика, може тоа да се каже со многу понизок и поубав вокабулар и ако има нешто за фалење и тоа може да се прави со еден понизок и подобар вокабулар. Целта на мојата дискусија беше таа, за жал бев погрешно разбран.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господине Кенан Хасипи.

Јас ја прифаќам оваа ваша заложба со која го завршивте говорот, но мислам дека ова не е добар начин да го соопштите тој став и да ја напуштите дебатата на која што можеби и другите ќе ви се приклучат во апелот. Мислам дека тоа не е во духот на европските вредности за кои сега се залагате.

Дозволете пред да му дадам збор на вицепремиерот за европски прашања да го кажам мојот став за дискусија или тема кој што се отвора четврти пат. Се обидував сега да се сетам, се враќав назад, буквално четврти пат ја отвораме оваа дискусија.

Јас предлагам претставниците на парламентарното мнозинство, па и на претставниците на Владата, ако имаат дилеми, да ја преиспитаат одлуката за формирање на овој Национален совет, затоа што ова не е одлука која што ја носи некое тело, надвор од нашиот политички систем. Ова е одлука која што ја носи парламентот на Република Македонија. И никаде во таа одлука не стои дека е ова е некое надпартиско тело, или пак јас така разбирам, формирано координирано со Европската унија, бидејќи тоа не е точно.

Ова тело е македонска идеја, промовирана уште во 2006 година, реализирана неколку години подоцна. Ако оваа одлука и ако ова тело, било некогаш формирано со надеж и амбиција да аминува политики и да биде протоколарна станица на која што ќе ги испратиме нашите добри желби за побрзо членство во Европската унија, мислам дека треба сите да се преиспитаме. Оти, јас барем, така не го гледам. Ако целта била да ги чуеме луѓето, тогаш не требало пратеници да ставиме во Одлуката. Тогаш доволно ќе беше еве го вицепремиерот секогашен или идни или претходни, да ги свикуваат на консултации и да ги сослушаат. Нема потреба 4+4+1 членови на Националниот совет да ги ставиме овде да гласаат, а притоа индиректно да им соопштиме дека нивна цел е само

да слушаат. Кога веќе некој има право и да зборува, јас ви кажувам дека нема да прифатам, да претседавам со тело на кој претседателот ќе прави онлајн цензура, ниту за претставници на институции, ниту на преставници на политичките партии односно претставници на граѓаните. Како што имаат претставниците на институциите обврска да ги застапуваат нивните ставови и интереси, ние имаме обврска и ги претставуваме ставовите на нашите граѓани. Јас апелирам сите да имаме чувство на одговорност, кон другиот, без разлика како е избран, или кого го претставува. Затоа што не прифаќам да имаме членови од прв ред и членови од втор ред. Членовите од прв ред немаат политички агенди и согласно тоа можат да настапат како што ќе сакаат, а членовите на Националниот совет од Парламентот се демек членови од втор ред и тие треба да водат сметка и да не дискутираат реално. Бидејќи ако дискутираат можат да го загрозат ова надпартиско тело. Тоа не е точно. Ако целта била максимално брз приот кон Европската унија, ние овдека не треба да збориме за честитките кои што ќе си ги упатуваме меѓусебно, туку за проблемите. Некој за тие проблеми зборува поотворно, некои, како што велеше господинот Хасипи, помеѓу зборови зборува. Ама тоа е прашање за избор. И затоа, ако е тезата дека Националниот совет е да вика амин, јас предлагам тоа да се соопшти на Собранието, да си ја ревидира оваа одлука, а потоа да именува и друг претседател. Оти не мислам дека членството и интеграцијата во Европската унија е прашање на протокол, туку е прашање на отворен дијалог кој на моменти боли. А боли ако ја зборуваме вистината. Ако ја зборуваме во флоскули, сите сме за Европската унија, сите сме за Европската унија, ние не можеме да имаме друг мандат како пратеници, кога 80% од населението вели дека членство со Европската унија што е можно побргу. Не можеме да имаме друг мандат. Ама од една страна да зборуваме за членство од Европската унија, а да не зборуваме за вистинските проблеми, мислам дека е само алиби, да се одложи членството во Европската унија. Еве јас сакам да бидам многу конкретна.

Прво, сериозен е проблемот и не може само синдикатот да даде одговор на работничките права, меѓутоа, факт е дека последните извештаи кои што доаѓаат и од релевантни организации кои што се занимаваат со трудот велат дека во Македонија коефициентот на работничките права опаѓа, не расте. И притоа, никој никого не сака да обвинува. А имаме сите право, како што претставиците на институциите имаат право да кажат дека не се согласуваат со нас избраните претставници на граѓаните и ние не мора да се согласиме со сите. Инаку навистина сме бегале од комунизам, за да влеземе во друг тип на комунизам. Оти треба да имаме консензус за се. Не за многу работи нема да имаме консензус. Инаку, како да се објасни податокот дека во релевантен, меѓународен извештај министерт за здравство со име и празиме стоеше како човек кој спречил штрајк.

И ако во една држава, тоа не е тема за дискусија околу работнички права и синдикални права, не знам што е дискусија, или и тоа не смееме да го дискутираме, бидејќи не сме синдикат. И ние сме член на некој синдикат и како таков имаме право. Ако зборуваме за медиуми, а не добиваме од никого одговор, затоа е дискусијата денес, ајде да го обвиниме Бишевац дека сите ги нападнал. Никој од власта не кажа како е возможно 45 милиони денари да доаѓаат да ја финансираат кампањата на владеачката партија од медиуми. Еден дел од овие медиуми се соочуваат со неисплаќање на плати на новинарите, ама за тоа нема пари. За донации на политички партии, една политичка партија има пари. И кога денеска го спонуваме господинот Ховит, толку често, толку систематски и со толку пофални зборови, можеби не е на одмет да се потсетиме на сите зборови кои што стојат во неговата резолуција. Па да кажат дека е згрижен Европскиот парламент, заради отсуството на аналитичко и објективно известување од страна на медиумите. Тоа треба ли да го прескокнеме. Треба ли да ја прескокнеме загриженоста, заради тоа што Владата сеуште не предложила метод како со парите за реклами нема да се дискриминираат медиуми. Дали Европскиот парламент треба да е тој кој што ќе изрази загриженост заради исфрлањето на новинарите од Собранието или и тоа ќе создаде конфликт помеѓу нас. Луѓе, конфликтите никогаш не се проблем. Отсуството на решавање на конфликтите е наш проблем. Ама сите овдека сакаме да се колнеме во Европската унија, во вакви вредности, во Ховит, а во тој момент кога тој ќе ги цитира „Репортери без граници“ никој не чув од мнозинството да му противречи и да му каже дека се измеќари на некои странци кои што имаат лоши агенди за Македонија. Зошто? Известителот од Европскиот парламент кој силно застана зад Македонија, ни цитира дека нашиот пад на репортери без граница е проблем. Тој не знае од кого е финансиран? Не знае дали е релевантен или не е релевантен, или ќе си правиме колаж од извештаите, што ни се допаѓа, супер е, што не ни се допаѓа нема да го гледаме. Таков тип на учечство во работата на Националниот совет, јас а претпоставувам и многу мои колеги не сакаат да прифатат, од отворена дебата, мислам дека нема бегање.

Јас не би сакала да самите да си ги сечиме гранките на кои што седиме. Ако се срамиме од дебата, макар колку и да е таа незгодна, тогаш во Македонија се повеќе и повеќе ќе нема дебата. Нема дебата во медиумите. Нема. Нема дебата во јавноста, нема, а сега и во Собрание. Немаше дебата 3-4 месеци. Зошто ни беше Филе да дојде овде,а за да се врати опозицијата во Собрание, кога и во ова Собрание не треба да има дебата. Јас, дозволете ми се согласувам дека можеби сите имаме право на различно мислења, ама велам, ако имаме поинаков план со Советот, дајте дас го напишеме на хартија, по чесно ќе биде. Дотогаш, сметам дека дискусиите, па макар и некогаш заради вадење од

котекст, се подобри отколку многу комотниот звук на тишината. Се извинувам господине вицепремиер што одземав време пред вашиот одговор. Повелете.

**Антони Пешев:**

Јас морам да Ви реплицирам.

**Радмила Шекеринска:**

Повелете.

**Антони Пешев:**

Претседателке ова е уште еден доказ дека ја злоупотребувате позицијата на која се наоѓате.

Човекот е претставник на еден од синдикатите. Во Македонија постои закон за синдикално одржување, во кое се вели дека може да постојат повеќе синдикати. Јас сум претставник на една комора. Во Македонија постои закон во која се вели дека комори може да има повеќе. И ги има и гласни се. Не можеме да бидеме ставени на столбот на срам како институции само заради тоа што сме членки на ова тело. Точка. Ако цените дека нашето учество овдека е контрапродуктивно, јас прв бев тој што говорев, контра на некои определби на законот.

Меѓу другото и денеска говорев за тоа и сакав пратениците да го слушнат гласот на тоа дека не мораме да ги усвојуваме сите директиви додека не почнеме реални преговори за членство во Европската унија. Покрај тоа што за тоа ќе бидам обвинет од некого.

Она што е битно треба да се разбере дека не можете да не ставите на столбот на срам ако не сме делувале, а ние се наоѓаме во ситуација обратна од тоа. Ние не сме единствени субјекти. Ако не одговараме на членството кое го претставуваме, ние не постоиме, они си одат во друга институција. Она што е различно, што е за вас чекингот кој се вика избори, за нас постои секој ден. Ако ценат нашите членки дека не сме и претставници, си одат кај друг. Ако ценат дека синдикатот не одговара идат во друг синдикат, или формираат свој синдикат. Меѓу другото она што е битно да се каже е да. Не смее Владата да ги гуши синдикатите, не смее Владата да прави притисок на стопанските субјекти, меѓутоа, не можете да не ставате на столбот на срам, заради делување или не делување.

Ве молам таков впечаток стекнав дека во иднина навистина нема да.., утре ќе ме натерате да се бранам за нешто. Не можеме. Човекот беше нападнат за работа за која можеби и не знаел. А можел да не знае, затоа што луѓето си имале независен синдикат.

Јас не сум навлегол во проблематика, ако мене ме прашате јас и тој имаме комплетно спротивставени позиции. Синдикатите и коморите се две спротивставени страни, работодавачи и работници. Ама не значи дека треба да се испотепаме. Она што е битно дека во принцип мене ми смета недостатокот на цивилизиран дијалог и она што мислам дека овој пат навистина ме натера да говорам е недостатокот на простор во кој ние можеме да дебатираме за секое прашање кое вие ќе го отворите. Не не ставајте во ситуација да дебатираме за политичките ставови кои ги застапувате. Кажете си ги вашите политички ставови, никој не е против таа работа, во принцип немојте повеќе да не прозивате. Ако се сеќавате еден претставник на опозицијата на првата седница ме прозва мене да кажам дали не бил он во право. Не барајте став наш за политички... Претставувате политички субјекти, имате програма, политичка платформа кои гласале за вас не заради личности туку заради тоа што сте застапувале политичка платформа. Во ред е, ја почитуваме таа работа. Ние претставуваме еснафски здруженија, граѓански здруженија, работнички здруженија. Сите ние имаме одговорност пред некого, ние сме исто бирани, ако не ги исполниме нашите очекувања. Затоа, слободно вие кажете си, ние овде не ве прозвавме како политички партии, извинете, лошо, никој од независните тела не прозва ниту една политичка партија заради некој извесен став. Она што беше погрешно е што не може да биде прозван некој заради неделување на улица. Јас конкретно не би дозволил генерален штрајк заради 800 души, тоа не е работа за генерален штрајк, ако мене ме прашате како работодавач. И конкретно јас ќе се спротивставам на вашата одлука да синдикатот отвори генерален штрајк. Знаете зошто, затоа што е распад на системот. И ако сакате да говориме отворено, нема да биде оправдана одлуката на ова тело, и ако сакате да дебатираме повелете кај нас да отвориме една јавна расправа.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам.

Јас бидејќи не сакам да го одземаме времето, само да ве информирам дека ќе го добиете стенограмот од денешната седница, или барем од моето последно излагање и ќе ве замолам да најдете една реченица со која јас ја злоупотребив позицијата, затоа што тој тип на оптужување не доведоа денеска на седницата каде што сме. Би сакала да бидеме конкретни, да знам јас како сум ја злоупотребила позицијата и дали некого сум прозвала и сум му ги одземала правата. А инаку, обвинувања така кажани не не носат на добар пат. Би сакала да бидете конкретен, али бидејќи зборуваме за нешто што било кажано, еве ќе го имаме стенограмот и би ве замолила каде тоа се случило.

Повелете господине вицепремиер.

**Фатмир Бесими:**

Благодарам.

Колку и да сме емоционални во дијалогот тој секогаш е продуктивен. Колку сме поотворени толку сме поблиску до решение. Мислам дека иако чекав толку време, искуствено ги кажувам некои работи што не учат низ животот, а не само во политиката и со ова немам никаква намера било кого тука да давам одредени предавања затоа што има тука пратеници што се подолго време во оваа институција па и во политиката. Меѓутоа, една ваква дискусија претпоставувам била повод на реакцијата на комесарот Филе дека ваша е одлуката дали сакате да стане членка на Европска унија. Јас би се надоврзал на тоа што би рекол дека наша е одлуката и мислам дека ние треба да ги искористиме максимално овие тела за таква дискусија. Во тој поглед јас ќе се обидам накратко да одговорам на некои работи што беа поставени во однос на процесот на евроинтеграции како и во однос на овој документ што денес се гледа. Меѓутоа, ќе повторам некои работи што на почетокот ги кажав. Би сакал да го продолжам овој дел од моето обраќање до вас како членови на Националниот совет со едно размислување во однос на тоа што се очекувањата за Европскиот совет на крајот на неделата. Често пати бев прашања во јавноста да дадам прогнози, се воздржував заради тоа што работевме на тој дел. Мораме јавно да кажеме дека на овој Европски совет нема да има датум за преговори за Република Македонија. Од тоа причините се едноставни, затоа што заклучоците кои се дадени во декември за Република Македонија не се исполнети и тие, секако кога се поставува прашањето кој е одговорен за ова, јас би рекол дека нашите институции, тоа што Филе го кажа, значи, тоа е ваша одлука. И стварно е наша одлука. И тоа меѓу другите јас ги набројав петте прашања, ќе ги повторам. Едно од клучните прашања, отворени прашања и предизвици на патот кон Европска унија и генерално евроатлантската перспектива на Република Македонија е токму надминувањето на отвореното прашање во врска со името. И тоа не е прашање што е табу, не е прашање што се крие, сите сме свесни дека тоа е отворено прашање. Тоа е едно од главните предизвици што го имаме во таа патека. Ниту е ексклузивно право на одредена политичка партија или одговорност ниту на одреден етнички или одреден етникум во Република Македонија. Затоа што тоа е прашање што ги тангира сите граѓани на Република Македонија. Со целата почит кон нашите сограѓани Македонци кои имаат поголема сензитивност кон ова прашање, меѓутоа, верувајте дека тоа подеднакво е важно за сите граѓани на Република Македонија. Тука треба да имаме еден заеднички став, една заедничка платформа како тоа прашање да го надмине во интерес на нашата стратешка цел односно тоа е членството во Европска унија. Второ е делот на добрососедските

односи каде што во овој период исто така и како што стои во извештајот, пролетниот извештај од страна на комесарот Филе, така и во Резолуцијата на европарламентарецот Ховит, значи Македонија има направен прогрес во овој период. Мислам дека тоа би било корисно за оваа институција ние тоа да го нотираме. Да кажеме, да, заедно постигнавме одреден прогрес и стварно има прогрес во одредени работи, но, далеку од идеалноста. Ние имаме и значајни предизвици, јас секогаш се воздржувам да ги нарекувам проблеми, туку предизвици, затоа што предизвиците бараат решение, бараат отворен пристап, и да имаме ние такви предизвици. Првиот и најголем предизвик е прашањето за името. Второ, добрососедските односи како што се од декември искуствата со нашиот сосед Бугарија. Трето е прашањето во однос на слободата на изразувањето, односно дијалогот со новинарите и медиумите. Имаше одреден напредок во овој дел. И во соработка со европската делегација, но пред се, волјата од страна на домашните институции, Владата, Парламентот, медиумите, значи се постигна 2012 одреден напредок. И, тој дел е пред предизвик. Значи, ние успеавме да направиме со големи напори еден потранспарентен инклузивен процес каде што асоцијациите на новинарите се приклучија со нивни коментари, меѓутоа, отворено, недостасува таа дебата заедно да седнат претставниците од Министерството и новинарите на иста маса, да ги дискутираат отворено. Меѓутоа, сепак има напредок. Тоа што ние и во тој дел сакаме да биде во знаење во однос на приоритетите, принципот, значи ние во Уставот имаме јасно дефинирано - слободата на изразување е еден принцип, фундаментален принцип на нашата демократија која се гарантира со Устав. И било какво решение што нема да биде во склоп со Уставот значи нема да биде решение кое би одело напред кон слободата на изразување. Многу едноставна реченица, генерално стои во уставот што тоа го гарантира. И сепак, ќе повторам, пред нас е тој предизвик. Каква перцепција ние оставаме пред Европска унија и институциите колку ние напредуваме во овој дел. Следна област која исто така се спомнува, значи, во сите овие средби што сум ги имал не само во Брисел туку и во овие земји членки на Европска унија, значи, покрај овие прашања исто се поставува прашањето на политичкиот дијалог. Тоа е резултат на нашата реалност и добро е што се постигна, без разлика што требаше да дојде комесарот Филе што сигурно појак сигнал ќе беше сами тоа да го надминевме, меѓутоа, и со негово присуство се постигна на 1 март таков напредок. И тоа е ставено и во пролетниот извештај тоа е наведено, меѓутоа, во препораките на крај на тој извештај еден параграф вика - очекуваме имплементација на тој меѓупартиски или политички дијалог постигнат. Значи, тие се прашања на кои ние треба да разговараме отворено и да најдеме решение како да ги надминеме. И во однос на ова јас би рекол дека ние ако гледаме вака можеме да најдеме одговор на одредени

прашања и јас ќе се обидам на овие, сега конкретно да се навратам на некои работи, на пример, во однос на правичната застапеност и извештајот кој се очекува. Сакам само да ве информирам дека тој е објавен, тој е објавен одма после изборите, ден потоа објавен на веб страната на Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор. Целосниот извештај, сите податоци се наведени таму. Значи, тоа е еден чекор напред кон транспарентноста на овој процес и со сите достигнувања како и препораки во однос на тоа како може да се подобри. Веќе има јавна расправа на јавни дебати, тркалезни маси на таа тема.

Понатаму во однос на изборната реформа. Одма после изборите имавме управувачки комитет. Јас свикав управувачки комитет. Морам да го кажам јавно, само еден саат пред управувачкиот комитет, претседателот на Државна изборна комисија го откажа присуството каде што покрај сите институции домашни беа и претставници, односно амбасадорот на Европска унија, делегација на Европска унија, беше амбасадорот на ОБСЕ, беше амбасадорот на САД. Значи, без притоа да се прати нивен заменик. Меѓутоа, без разлика, транспарентно беа соопштени заклучоците од тој управувачки комитет, притоа имаше заклучоци каде што се задолжија управните, работните групи да работат и на списокот и во однос на измените на Законот, и во однос на измените на Законот, Изборниот законик значи, тие што беа направени во тој период и Избирачкиот список тоа било направено со политички консензус на политичките партии кои имаа претставници.

Значи, тоа треба да се нотира. И секако, и забелешките во однос на извештајот, односно комплетноста на информациите кои се пласираат. Во однос на институциите ние ќе настоиме да бараме подетална информација во однос и поконцизна, пократка, за да биде попрактичен овој документ, но тоа во иднина ќе гледаме методологии како тоа го прават и другите земји членки во однос на тоа да најдеме посоодветен пристап и решение.

Во однос на прашањето што беше покренато за правичната застапеност и правилото односно механизмот на Бадинтер на локално ниво. Од информациите што ги имам јас не коренспондираат со тоа што беа пласирани дека во Кичево и во Струга, значи се отпуштаат вработени врз етничка основа. Мислам дека тоа не е случај, можеби се работи за интерпретација на тоа што се случува таму, но денеска не сум јас тука во позиција да бранам нивни ставови или не. Тоа што е важно за нас е во контекст на политичките критериуми, меѓуетничките односи, имплементацијата на Охридскиот договор, тоа е заеднички документ на сите граѓани на Република Македонија и дел од

нашиот систем, дел од Уставот и кој треба да биде подеднакво имплементиран на ниво на сите институции.

Во однос на рамномерниот регионален развој секако дека таму треба да се направат повеќе напори за да распределбата на средствата во однос на рамноправната регионален развој да биде согласно критериумите што се утврдени во однос на регионите. Но, тоа што е презентирано тука се средства од Буџетот што се пласирани таму, дополнителна е информацијата што беше кажана за средствата од Европска инвестициона банка во однос на поддршка на комунална инфраструктура и водоснабдување. Тие средства од околу 120 милиони евра се средства поделени токму со тој клуч. Меѓутоа, тие не влегуваат во овој извештај како средства поделени до Буџетот. Но, сепак јас тука ќе го кажам мојот став дека тука има простор да тоа се презентира поадекватно и да се направат напори да тоа го рефлектира овој концепт потранспарентно.

Секако дека остануваат и другите прашања кои беа поставени тука, во однос на МРТВ и аналогно, се уште користење на аналогно, меѓувреме лично тоа не можам да ви кажам вака со соодветна компетентност затоа што тука има и дел од технички прашања во однос на тоа, но во меѓувреме успеав да прашам. Објаснувањето е дека во одредени региони во Македонија имало технички проблеми за имплементација на истото, меѓутоа, со цел да може да се користи на ниво на Република Македонија, тие ги прават подготовките и го користат аналогниот модел. Меѓутоа, доколку има потреба за дополнителни информации мислам дека Парламентот има начин како да се информира. Јас нема да навлегувам во детали за да не направам некоја грешка да не ве инфмрирам погрешно. Значи тоа е тоа што сакав да го кажам во однос на овие прашања и со тоа ќе заклучам дека членството на Република Македонија во Европската унија зависи од нас колку ние стварно сме посветени на оваа тема и со сите предизвици што ги имаме пред нас. Значи, остануваат предизвиците клучно и отворено прашање за името, добрососедските односи, прашањето на политичкиот дијалог и слободата на изразување како и политичките критериуми за добри меѓуетнички односи. Зошто ги кажувам овие работи? Затоа што сите работи кои се наведени како прогрес се нотирани, овие се работи кои ние како претставници на институциите кои сме задолжени за овој процес, став на Владата сме свесни за предизвикот што го имаме пред нас. Значи, не живееме во илузија дека работите се идеални, но колку сме поотворени сме поблиску до решение.

Толку имав јас за Советот. Доколку има дополнителни прашања во однос на Извештајот јас сум спремен да одговорам.

**Радмила Шекеринска:**

Благодарам господин министер особено за таа отвореност и се надевам дека и за другите информации и од други ваши колеги ќе наидеме на таква отворена врата. Се надевам дека оваа тема особено околу регионалниот развој бидејќи е покрената неколку пати барем во мое присуство во Собранието ќе ја разрешиме за да знаеме колку пари кој каде ги насочува бидејќи се битни за граѓаните. Ова е еден од предизвиците со кои Македонија како велите ќе се соочува во следниот период ваквиот состанок и многу други. Јас би сакала да ви се заблагодарам за учеството и за присуството напад и долгата дискусија и се надевам дека таков однос и таква соработка ќе имаме во целиот следен период.

Со тоа ја завршувам дискусијата по Информацијата за реализираните активности.

Предлагам да не продолжуваме со следната точка на дневен ред, туку Извештајот за работата на Националниот совет бидејќи нема веќе кворум не би можеле а по него треба да гласаме, за Информацијата не гласаме туку само ја затвараме дискусијата, ќе ја продолжиме некој нареден пат. Би сакала само да ги информирам членовите на Националниот совет кои не се пратеници дека во следниот период Комисијата за европски прашања ќе организира надзорна расправа на тема - Користење на европските фондови. Само да најавам дека побарав и од претседателот на Комисијата барем поканети да присуствуваат членовите кои што не се пратеници и од нивна страна позитивно беше одговорено на тоа барање, се разбира тоа е продолжение на оние дискусии кои што ги имавме и на Националниот совет кои сигурна сум дека нема тука да завршат.

Со тоа ја завршувам денешната седница. **По оваа точка ќе продолжиме следниот пат. Благодарам.**

Седницата заврши во 16.51 часот.